**Коалиција Маргини, ЛГБТИ Центар за поддршка, Субверзивен фронт и ЕРА – Асоцијација за еднакви права на ЛГБТИ луѓето од Западен Балкан и Турција**

# Извештај за најважните случувања околу состојбата на ЛГБТИ луѓето во

# РЕПРУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ДОКУМЕНТ ПОДНЕСЕН ОД ГРАЃАНСКИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА СПОРЕД ПАРАГРАФ 89 ОД АГЕНДАТА 2030 (A/RES/70/1)**

**Превод од англиски јазик**

**Јуни 2020**

# СОДРЖИНА

**ИСКАЖУВАЊЕ ИНТЕРЕС 3**

**ПРЕГЛЕД 6**

**СПИСОК НА ПРЕПОРАКИ 9**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА НАЈВАЖНИТЕ СЛУЧУВАЊА ОКОЛУ СОСТОЈБАТА НА ЛГБТИ ЛУЃЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 13**

**ЦОР 1 – КРАЈ НА СИРОМАШТИЈАТА 13**
**ЦОР 3 – ДОБРО ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА 17**
**ЦОР 4 – КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ 21**
**ЦОР 5 – РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЕМАНЦИПАЦИЈА НА СИТЕ ЖЕНИ И ДЕВОЈЧИЊА 27**
**ЦОР 10 – НАМАЛЕНА НЕЕДНАКВОСТ 29**
**ЦОР 11 – ОДРЖЛИВИ ГРАДОВИ И ЗАЕДНИЦИ 32**
**ЦОР 16 – МИР, ПРАВДА И СИЛНИ ИНСТИТУЦИИ 35**
**ЦОГ 17 – ПАРТНЕРСТВА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ 37**

**ВЛИЈАНИЕ НА КОВИД КРИЗАТА 39**

**АНЕКС 41**

**КОН ТЕКСТОТ ПРИДОНЕСОА 41**




## Искажување интерес

1. ЕРА – Асоцијација за еднакви права на ЛГБТИ луѓето од Западен Балкан и Турција, којашто остварува блиска соработка со своите членки, организации од Северна Македонија: Коалицијата МАРГИНИ, ЛГБТИ Центарот за поддршка и Субверзивниот фронт; го поднесе овој извештај во согласност со Став 89 од Агендата 2030. Извештајов ја анализира позицијата на ЛГБТИ луѓето во земјата, во согласност со Целите за одржлив развој (понатаму во текстов ЦОР) бр. 1, 3, 4, 5, 10, 11, 16 и 17, како и во поглед на постојната состојба со Ковид кризата.

2. **<u>ЕРА – Асоцијација за еднакви права на ЛГБТИ луѓето од Западен Балкан и Турција</u>**[1] (понатаму во текстов, ЕРА) е чадор организација која што работи во 9 земји од регионот (Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, С. Македонија, Косово, Црна Гора, Србија, Словенија и Турција,) во моментов во нејзе членуваат 66 ЛГБТИ организации, и истата има за цел да ги зајакне капацитетите на ЛГБТИ организациите во регионот, да лобира и да се застапува за остварување на целите и правата на ЛГБТИ луѓето, на национално, регионално и меѓународно ниво и да ја зацврсти и подобри видливоста на ЛГБТИ движењето и ЛГБТИ заедниците.

[1] За повеќе информации за ERA, види: http://www.lgbti-era.org

3. Коалицијата МАРГИНИ[2] **Коалиција за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници, МАРГИНИ** е формирана во 2007 г. како неформална, здружена платформа, како резултат на заедничките напори на неколку организации. Од 2011 г., наваму, оваа Коалиција е регистрирана како посебен правен субјект, т.е. граѓанска организација чии основачи се ХОПС – Проект за здрави опции Скопје, ХЕРА, ИЗБОР – Струмица, ЕГАЛ и СТАР-СТАР, како и Заедно посилни. Оттогаш, МАРГИНИ работи на обезбедување еднаков пристап и човекови права за маргинализираните заедници (секс работници, луѓе што живеат со ХИВ, луѓе што користат droги, маргинализирани жени и ЛГБТ луѓе) и подобрување на квалитетот на живот во различни социјални сфери. Од 2017 г. наваму, МАРГИНИ, заедно со Асоцијацијата за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ESE-Skopje) и преку поддршката од Фондацијата Отворено општество Македонија, презема конкретни дејства за следење на спроведувањето на таргет (ЦОР) 16.3.

4. **ЛГБТИ Центарот за поддршка**[3] е основан во октомври 2012 г. како огранок на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје. Визијата на овој центар за поддршка е постоење на општество без дискриминација, во кое што луѓето ги уживаат универзалните човекови права и слободи, без разлика на својата сексуална ориентација, родовиот идентитет или секое друго обележје. Мисијата на центарот е зацврстување на само-залагањето на ЛГБТИ заедницата, како и изменување на општествениот и правниот статус на луѓето од ЛГБТИ заедницата во С. Македонија. ЛГБТИ Центарот за поддршка спроведува три посебни програми, и тоа програма насочена кон заедницата, програма за промоција и т.н. шелтер (засолништа) програма. Центарот се фокусира на проблеми со дискриминација на сите полиња, како и на известување и лобирање, засновано на докази, за менување на законите и праксата. Прашањата поврзани со домувањето и поддршката на ЛГБТИ луѓето што се соочуваат со ризик да останат без кров над главата, се исто така во фокусот на Центарот, преку обезбедување засолништа (шелтери) во т.н. Сигурни куќи (Сејф Хаус) за такви лица. Подобрувањето и унапредувањето на човековите права на ЛГБТИ луѓето, воопшто, е вклучено во сите програми на Центарот, при што се користат различни алатки и стратегии. Други прашања со кои што Центарот се занимава се оние во сферата на образованието, здравството, социјалната заштита, заштитата од насилство и културата.

5. Здружението за сексуални и родови малцинства **СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ** Скопје[4] (понатаму во текстот: СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ), е основано во 2013 г. и претставува организација што е директно вклучена во заедницата на сексуалните и родовите малцинства во Македонија. Целта на оваа организација е унапредување на правдата, слободата и еднаквоста на членовите на овие заедници преку начелата за обезбедување отчетност, солидарност и инклузивност. **Стратешките области** вклучуваат: Лобирање и влијаење врз политиките за правата и статусот на сексуалните и родовите малцинства; Развој на заедниците на сексуалните и родовите малцинства, како и Истражување и објавување докази околу прашања и потреби на заедниците на сексуални и родови малцинства. Фронтот верува дека

[2] За повеќе информации за Коалицијата МАРГИНИ, види: http://coalition.org.mk
[3] За повеќе информации за ЛГБТИ Центар за поддршка, види: http://lgbti.mk
[4] За повеќе информации за Субверзивен фронт, види: http://s-front.org.mk/en/

ако членовите на заедниците на сексуални и родови малцинства сакаат да живеат слободно, отворено и доследно, тој мора да развива политики засновани на докази, како и програми и услуги коишто ќе обезбедат поддршка за исполнување на само-определените потреби на овие заедници. Фронтот гради соработка, прави партнерства и сојузништва со граѓанските организации, министерствата, локалната управа, органите на државната управа, државните бироа и со други другите државни тела, синдикатите, здравствените и образовните институции, центрите за социјална работа, младинските организации, младинските работници, медиумите, семејствата, поддржувачите и сојузниците, како и со истражувачите и истражувачките институти и центри, меѓународните организации и институции, и други чинители, а сè со цел да го унапреди статусот и човековите права на сексуалните и родовите малцинства, во земјата и пошироко.

## Преглед

Во текот на последните пет години, период на кој што извештајов се однесува, социјалниот и политичкиот контекст по однос на ЛГБТИ луѓето и нивните права беше динамичен и променлив. Во периодот до 2016 г. државата ја предводеше демохристијанска политичка опција на чело на власта којашто, од 2012 г. започна да спроведува државна кампања на хомофобија и трансфобија. Оваа хомо/трансфорбична кампања вклучуваше распространување содржини на омраза на насловните страници на весниците, правно не ги гонеше, ниту пак ги осудуваше кривичните дела на омраза сторени против ЛГБТИ Центарот за поддршка и ЛГБТИ луѓето, а сето тоа кулминираше со обидот за воведување уставни измени во земјата, со цел да се признава брак и граѓанска заедница само помеѓу (цис-)маж и (цис-)жена.[5] По цели две години протести, дојде до промена на Владата и на власт дојдоа Социјалдемократите. Оттогаш, главните претставници на владата јавно ја искажуваат својата поддршка за ЛГБТИ заедницата, ја ратификуваа Истанбулската конвенција и го изменија Кривичниот законик, којшто сега ги признава сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за обезбедување заштита од криминал од омраза. Во текот на овој период, Министерството за труд и социјална политика, заедно со Советот на Европа, ЕРА и ЛГБТИ организациите од земјата, за првпат од нејзината независност, беа домаќини на регионална конференција за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето. Исто така, самата министерка, ја презеде улогата на претседавач на првата во светот меѓу-владина регионална група за унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето од Западен Балкан и Турција. Во споредба со периодот на хомо/трансфобија, оваа промена во политичкиот и социјалниот контекст во земјата, ја помрдна насоката на процесите кон исполнување на начелото „Никој да не биде изоставен.“

Една од најважните регулативи за ЛГБТИ луѓето во земјата е Законот за спречување и заштита од дискриминација. Работната група која што во својот состав вклучи претставници од различни заинтересирани страни, подготви еден од најдобрите предлог закони кои што досега некогаш биле подготвени, во поширокиот регион. Предлог законот ја признава сексуалната ориентација на луѓето, но и нивниот родов идентитет, како основи за утврдување дискриминација, но предвидува и интерсекциска и повеќеслојна дискриминација, и во истиот се предвидува професионализација на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, што претставува значителен напредок наспроти Законот од 2010 г. На 16 мај 2019 г. Собранието го усвои овој Закон со просто мнозинство гласови. Меѓутоа, поради тоа што, сега веќе бившиот Претседател на земјата (од Демохристијанската политичка партија,) одби да го потпише во закон, истиот го врати на повторно одлучување во Собранието, според Уставот на земјата, и тој сега треба да се усвојува со двотретинско мнозинство од пратениците во Собранието. Ова им даде простор на оние што беа против законот, да го обжалат пред Уставниот суд, при што во мај 2020 г. го добија случајот пред овој суд. Со ваквата одлука, законот којшто беше пофален и оценет како прогресивен, Судот го поништи и повторно го врати во сила оној од 2010 г. Ваквата постапка донесе значително уназадување на остварување на правата, и повеќе од сигурно, ги изостави ЛГБТИ луѓето.

[5] Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија (2015). Годишен извештај, 2014 г. онлајн, види тука: https://mhc.org.mk/reports/godishen-izveshtaj-za-chovekovite-prava-vo-republika-makedonija-2014

Во С. Македонија, не постои сеопфатен механизам за справување со сиромаштијата. Во 2010 г. беше донесена Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост за периодот 2010-2020. Во овој документ ЛГБТИ луѓето не се признаени како ранлива група што страда од сиромаштија. Исто така, ЛГБТИ луѓето известуваат дека се дискриминирани во смисла на правото на пристап до услови за домување (16%).[6] Состојбата е уште полоша во однос на транродовите и интерсекс луѓето коишто, поради тоа што во земјата не им се признава родот, не им се достапни економските и социјалните услуги, а тоа го вклучува и правото на место за живеење и правото на наследство.

И покрај тоа што Законот за заштита на правата на пациентите и Законот за јавно здравје, ја дефинираат сексуалната ориентација на луѓето како основа за заштита од дискриминација, во Законот за здравствена заштита, пак, не постои таква заштита. Во сите овие закони не постојат одредби со кои што се признаваат родовиот идентитет и неговото изразување, како и изразување на половите карактеристики, со што се изоставуваат трансродовите, родово небинарните и интерсекс луѓето. Исто така, третманите за потврдување на родот за трансродови луѓе сè уште не се дел од понудата што се покрива преку јавното здравствено осигурување.

Во земјата сè уште не постои сеопфатно сексуално образование. Учебниците се полни со содржини со хомофобичен и трансфобичен и дискриминаторски јазик, заснован на родот. Реакциите од страна на Граѓанските организации (ГО) во најдобар случај беа пречекани со бришење на хомо/трансфобичните текстови, но без истите да се заменат со точни и навремени информации за сексуалноста, родовиот идентитет и неговото изразување, и половите карактеристики на луѓето. Сепак сè уште се користат голем број учебници што промовираат патологизација и дискриминација на сексуалните и родовите малцинства.

На трансродовите луѓе не им е лесно достапно легално да го озаконат својот статус поради недостаток на соодветна регулатива. Оние трансродови лица што сакаат да ги заменат своите документи мораат да користат четири различни закони кои што не обезбедуваат јасни постапки околу ова прашање. Во најголем број случаи, одлуките се донесуваат на арбитрарен начин од страна на јавните службеници и врз основа на нивните сфаќања. Во вакви ограничени околности во С. Македонија, до сега само три лица успеаја да ги заменат своите лични исправи со нови исправи што го отсликуваат нивниот вистински род.

Иако правата за изразување на мислењето и за јавен собир се дозволени во земјата, државата не успеа соодветно да се справи со криминалот од омраза, ширење хомофобија и трансфобија во земјата. Недостапноста на правни лекови создава несигурност кај жртвите и придонесува кон зголемување на насилството и малтретирањето. Во декември 2018 г., Кривичниот законик претрпе измени и ги вклучи сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за сторени дела од омраза. Но, државата сè уште не може да успее да развие и да го одржи системот за регистрирање на криминал од омраза и говор на омраза.

ЛГБТИ организациите од земјата веруваат дека, иако беше постигнат минимален напредок, државата не успева да ги вклучи ЛГБТИ луѓето во спроведувањето на Агендата 2030 и во напорите за постигнување на одржлив развој. Земањето во предвид на правата и потребите на

[6] https://fra.europa.eu/en/data-and-maps/2020/lgbti-survey-data-explorer

најмаргинализираните луѓе, оние со интерсекциски идентитети и оние што претрпуваат угнетување на повеќе нивоа, се клучни ако државата сака да го спроведе начелото дека „никој нема да биде изоставен.“

Затоа, ЛГБТИ организациите од земјата, во соработка со ЕРА, го подготвија овој извештај за да го информираат Политичкиот форум на високо ниво 2020 за состојбата со ЛГБТИ луѓето во Северна Македонија, за тоа што сè беше постигнато до сега и за тоа како овие заедници се запоставени. Исто така, во согласност со темата на годината, *„Забрзани дејства и трансформациски патеки: остварување на декадата на дејствување и остварување на одржливиот развој,“* за секоја од соодветните Цели за одржлив развој (ЦОР) што ги даваме во извештајов, ЛГБТИ организациите нудат свои препораки коишто нашата влада треба да ги следи со цел да создаде трансформациска агенда за одржлив развој, којашто нема никого да го изостави.

## Список на препораки

Со цел да се обезбеди остварување на Целите за одржлив развој (ЦОР) и во согласност со начелото *никој да не биде изоставен,* го предлагаме следниов список препораки коишто треба да се разгледаат по однос на позицијата на ЛГБТИ луѓето во С. Македонија:

## ЦОР 1 – Крај на сиромаштијата

- Изменување на Законот за домување со цел да вклучи одредби против дискриминација и заштита на правата на ЛГБТИ луѓето во смисла на достапноста на домување за нив.
- Министерството за Труд и социјална политика треба да донесе мерки коишто ќе гарантираат обезбедување на релевантните социјални услуги, без дискриминација и со должна почит кон ЛГБТИ луѓето.
- Министерството за труд и социјална политика треба да обезбеди задолжителна обука на тема *сензитизирање* на социјалните работници со цел тие да ја извршуваат работата со почит кон сексуалните и родовите малцинства.
- Итно повторно усвојување на Законот за заштита од дискриминација кој ќе ги признава сексуалната ориентација, родовиот идентитет и изразување на родовиот идентитет и половите карактеристики, како основи за утврдување дискриминација.
- Донесување нова Национална стратегија за еднаквост и недискриминација за периодот 2021-2025 г. којашто ќе овозможува поголем степен на интегриран, систематски пристап за унапредување, почитување и заштита на човековите права на ЛГБТИ луѓето, заедно со донесување Национален акциски план за унапредување на човековите права на ЛГБТИ луѓето во С. Македонија, како дел од новата Стратегија.

## ЦОР 3 – Добро здравје и благосостојба

- Да се вклучат постапки за потврдување на родот во DRG – системот (групата поврзана со дијагноза) и истите да се финансираат преку државниот Фонд за здравствено осигурување.
- Министерството за здравство треба да подготви и да донесе Протокол за здравствена заштита за трансродови луѓе коишто медицински транзитираат/прават постапки за потврдување на својот род.
- Законот за здравствена заштита да ги вклучи како основи за утврдување дискриминација, сексуалната ориентација, родовиот идентитет и изразување на родот, и половите карактеристики.
- Законот за заштита на правата на пациентите да ги вклучи како основи за утврдување дискриминација, родовиот идентитет и изразување на родот, и половите карактеристики.
- Да се развијат сет мерки со цел да се одговори на ефектите врз менталното здравје на ЛГБТИ луѓето што се резултат од стигматизација извршена против нив и соодветно да им се овозможи пристап до услугите за ментално здравје.

## ЦОР 4 – Квалитетно образование

- Во процесот на изменување на учебниците, треба да се посвети особено внимание на родовата еднаквост, родовите стереотипи, претставување на маргинализираните заедници, особено ЛГБТИ луѓето и луѓето што користат дроги.
- Со цел учениците точно да се информираат и да се промовира еднаквоста и човековите права, учебниците треба да содржат современи и релевантни содржини во насока на унапредување на човековите права на сите граѓани, без оглед на нивната сексуална ориентација, родов идентитет, здравствен и социјален статус.
- Министерството за образование и наука треба ги вклучи граѓанските организации на ЛГБТИ луѓето во постапката на изменување на учебниците со цел да гарантира дека во содржините нема повеќе да постојат неточни информации, стигми и содржини што ги дискриминираат маргинализираните заедници.
- Универзитетите во целата земја треба да ги изменат учебниците така што ќе ги исфрлат учебниците што содржат дискриминаторски содржини и ќе воведат нови учебници, засновани на научни содржини. Во оваа смисла, автономното одлучување на универзитетите во ниеден случај не смее да се толкува дека ним им е дозволено да пласираат навреди, говор на омраза, дискриминација и да го повредуваат достоинството на цели групи граѓани.
- Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација, како тела за еднаквост чија работа е еднаква заштита на правата на сите граѓани, вклучително и на ЛГБТИ луѓето, луѓето што живеат со ХИВ, секс работниците и луѓето што користат дроги, треба веднаш да ги засилат своите капацитети во насока на признавање на правата и заштита од дискриминација на сите граѓани, преку проучување на законите за човекови права и праксата на меѓународните тела за заштита на човековите права.
- Македонското Собрание треба да ги преземе сите мерки потребни за следење на активностите на независните тела за заштита на човековите права, преку поставување пратенички прашања и одржување собраниски комисии за надзор, и во случаи ако постојат непрофесионални или пристрасни дејства сторени од страна на именуваните членови во овие тела, истите да ги сменат од должност и на нивни места да именуваат професионални и независни стручњаци, во согласност со законот.

## ЦОР 5 – Родова еднаквост и еманципација на жените и девојките

- Да се донесе закон што законски ќе го признава родот на луѓето, кој што ќе дозволува брза, транспарентна, лесна и достапна административна постапка, заснована на само-определување на родот на луѓето.
- Да се измени наставната програма на Академијата за судии и обвинители и новата да вклучува задолжителна обука против дискриминација заснована на нечија сексуална ориентација, родов идентитет и изразување на родот, и нивните полови карактеристики.

## ЦОР 10 – Намалена нееднаквост

- Да се врати во собраниска постапка и да се усвои Законот за спречување и заштита од дискриминација којшто ќе ја признава човековата сексуална ориентација, родовиот идентитет и неговите полови карактеристики, како основи за утврдување дискриминација

и ќе ја признава интерсекциската димензија на сторена дискриминација, заснована на повеќе основи, и ќе ја професионализира Комисијата за заштита од дискриминација, и ќе предвидува строги критериуми за избор на членови во таквата Комисија.

- Соодветно практикување на одредбите против дискриминација во сите релевантни закони коишто ги признаваат сексуалната ориентација и родовиот идентитет на луѓето.
- Државата треба да ги финализира истрагите и обвиненијата за сторен криминал од омраза заснован на сексуална ориентација или родов идентитет врз жртвите и да им гарантира соодветен правен лек, за ваквите сторени кривични дела.
- Да се приспособи терминологијата што се користи во Законот за работни односи и да се замени терминот „полова насоченост“ со „сексуална ориентација“ и да се додадат „родов идентитет,“ „изразување на родот,“ и „полови карактеристики“ како основи за дискриминација.

## ЦОР 11 – Одржливи градови и заедници

- Да се подобри одговорот од страна на државата против говорот на омраза што се насочува против настани за подигање на видливоста на ЛГБТИ заедницата и потребно е да се подобри постапувањето по пријавените случаи на говор на омраза и одредување одговорност за сторителите на говор на омраза.
- Од клучно значење е владата и локалните управи да продолжат и во иднина да обезбедуваат поддршка за организирање на Скопје Прајд настаните зашто ова позитивно влијае врз градењето на јавното мислење за ЛГБТИ луѓето, а исто така позитивно влијаеше врз членовите на ЛГБТИ заедницата околу нивното само-прифаќање, самодоверба и чувството на нивна припадност во заедницата.
- Општините треба да преземат повеќе дејства за промоција на еднаквоста меѓу луѓето и против нивна дискриминација, во годишните планови и програми, како и во буџетите, преку воведување и спроведување на т.н. политики за одделување буџетски средства осетливи на родот.
- Да се подготват локални акциски планови што ќе се справуваат со проблемите за заштита на безбедноста на ЛГБТИ луѓето на јавни простори.
- Да се употребува *интерсексцискиот* пристап кога се креираат и спроведуваат политиките поврзани со ЛГБТИ правата и нивниот статус, со цел да не се запоставаат ранливите под-групи што се дел од групата ЛГБТИ луѓе.

## ЦОР 16 – Мир, правда и силни институции

- По спроведување на следните парламентарни избори и изборот на нови пратеници, без оглед на тоа која коалиција ќе го предводи парламентарното мнозинство, итно треба да се усвои во Собранието, Законот за спречување и заштита од дискриминација.
- Полицијата треба соодветно да се справи со кривичните дела од омраза и говор на омраза, преку соодветно спроведување на постојните законски одредби, имено, преку спроведување ефективни истраги и ефективно гонење на сторителите на овие дела.

- Државата, на ЛГБТИ заедниците, мора целосно да им ја гарантира, слободата на здружување и изразување.

## ЦОР 17 – Партнерства за постигнување на целите

- Соработката меѓу граѓанските организации на ЛГБТИ луѓето и државните институции треба дополнително да се подобри во сите процеси на донесување одлуки кои што влијаат врз ЛГБТИ луѓето во земјата.
- Граѓанските организации на ЛГБТИ луѓето треба да се признаат за партнери во рамките на обезбедувањето изградба на капацитети за човекови права на јавната администрација, и државните институции, воопшто.
- Граѓанските организации на ЛГБТИ луѓето треба да се вклучат во работата на Националниот совет за одржлив развој во улога на меѓу-секторски тела и да бидат признаени како партнери при постигнувањето на сите ЦОР.

# Извештај за најважните случувања околу позицијата на ЛГБТИ луѓето во Република Северна Македонија

## ЦОР 1 – Крај на сиромаштијата




*- Таргет 1.3. Да се спроведат соодветни национални системи и мерки за социјална заштита за сите, вклучително и гарантирање на минимум социјлана заштита, особено за најзагрозените, а заклучно со 2030 година да се постигне значителен опфат на сиромашните и на ранливите*

*- Таргет 1.4. До 2030 година да се осигури дека сите мажи и жени, особено сиромашните и ранливите, имаат еднакви права на економски ресурси како и пристап до основните услуги, сопственост и контрола над земјиштето и други форми на сопственост, наследство, природни ресурси, соодветна нова технологија и финансиски услуги, како и микрофинансирање*

ШТО Е ПОСТИГНАТО?

Едно од клучните достигнувања под ЦОР 1 е усвојувањето на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020[7] од страна на Министерството за труд и социјална политика (понатаму во текстот МТСП). Стратегија се залага за унапредување на ефикасната заштита против дискриминација сторена против ЛГБТИ луѓе и преземање превентивни мерки против говор на омраза, насилство и други видови дискриминација на ЛГБТИ луѓе. Со Стратегијата се создадоа поволни услови за донесување на долгоочекуваниот Закон за спречување и заштита од дискриминација, кој што ги одредува сексуалната ориентација и родовиот идентитет на луѓето како основи за обезбедување заштита од дискриминација и ја дефинира интерсекциската дискриминација. Овој закон беше донесен во мај 2019 г. но поради технички неправилности при гласањето во Собранието, во мај 2020 г. беше поништен од страна на Уставниот суд (во текот на подготовката на овој извештај). Со ваквата одлука Судот го врати повторно во сила Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 г.[8] За жал, според овој закон од 2010 г. ЛГБТИ луѓето не уживаат заштита.

Држава не успеа да им обезбеди засолниште на ЛГБТИ луѓето што се соочуваат со ризик од бездомништво. Така, во текот на пролетта 2017 г. ЛГБТИ Центарот за поддршка отвори свое засолниште (Сигурна куќа) како директен сервис за ЛГБТИ луѓето што се соочуваат со ваков ризик.

[7] Национална стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020 е достапна на овој линк: Влада на Република Македонија Министерство за труд и социјална полит

[8] *Службен весник на Република Македонија,* 50/2010, 44/2014, 150/2015 and 31/2016. Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Засолништето обезбедува програма за престој преку услуги за поддршка во случај на криза, акутно насилство, обезбедува долгорочна помош и заштита, програми за реинтеграција и ресоцијализација и други видови поддршка.  Има капацитет да засолни 7 луѓе во долготраен престој, а ова е воедно и единственото засолниште за ЛГБТИ луѓе, во земјата.  Засолништето е акредитирано од страна на МТСП зашто исполнува одредени критериуми. Исто така, во јуни 2019 г. преку Договор за соработка, МТСП се согласи да финансира 33% од сите трошоци на Засолништето за ЛГБТИ луѓе, Сигурна куќа.  Ова претставува значителен напредок, но, МТСП не успеа да обезбеди одржливост на ваквото финансирање, и во рамките на постојната политичка состојба, со прогласување на вонредна состојба поради Ковид кризата и поради воведувањето на техничка влада која што треба да ги спроведе следните избори, а чиј мандат трае подолго од очекувањата, ЛГБТИ луѓето што се соочуваат со ризици, повторно се изложени на состојби на несигурност.

Во рамките на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020, МТСП спроведе низа обуки против дискриминација и говор на омраза за вработените и за другите државни органи.  Бидејќи МТСП нема распределен буџет за ваквата активност, обуките се спроведуваат во партнерство со Субверзивниот фронт и со претставниците на другите организации, членки на Националното координативно тело за следење на состојбата со недискриминација и спроведување на законите, подзаконските акти и стратешките документи.  ЛГБТИ организациите се залагаат обуките да останат дел од Националната стратегија за еднаквост и недискриминација и во периодот 2021 – 2025 г. а на постојните координатори за еднакви можности пак, да им се зголемат овластувањата во сите локални самоуправи, со цел да ги извршуваат задачите од типот на справување, заштита и спречување од дискриминација и говор на омраза.

## ЛГБТИК ЛУЃЕТО СЕ ЗАПОСТАВЕНИ

Во С. Македонија не постои сеопфатен механизам за справување со сиромаштијата.  Во 2010 г. беше донесена Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјално вклучување за период 2010-2020 г. Овој документ не ги признава ЛГБТИ луѓето како ранлива категорија луѓе што се соочуваат со сиромаштија.

Исто така, како што и погоре е наведено, Уставниот суд го поништи прогресивниот Закон за спречување и заштита од дискриминација поради техничка грешка и со тоа, истонасловениот Закон од 2010 г. којшто не признава сексуална ориентација и родов идентитет на човекот, беше  вратен повторно во сила.  Законот за спречување и заштита од дискриминација (2010) забранува некој да биде дискриминиран при обезбедување место за домување, но со тоа што не ги вклучува сексуалната ориентација и родовиот идентитет како основи за утврдување дискриминација, не им гарантира заштита на ЛГБТИ луѓето кога тие сакаат да обезбедат живеалишта (домување).  Исто така, Законот за домување не содржи посебни одредби што одговараат на правата и потребите на ЛГБТИ луѓето.

Според МТСП,[9] државата не обезбедува посебни мерки за да го намали ризикот од бездомништво, со кое се соочуваат ЛГБТИ луѓето. Исто така, МТСП изјави дека „веќе повеќе години, буџетот за обуки за недискриминација не се одобрува.“ Но, МТСП изјави дека во периодот што следува ќе спроведе обуки за социјални работници во соработка со ЛГБТИ организациите. Иако МТСП организира обуки за својот кадар, во соработка со локалните ЛГБТИ организации, како што е Субверзивниот фронт, со цел подобро да разберат и да се справат со дискриминацијата и говорот на омраза, анализите сè уште покажува дека постои високо ниво на дискриминација која што се доживува во центрите за социјална работа (ЦСР) што функционираат во склоп на министерството. Според последната анкета спроведена од страна на Европската агенција за фундаментални права,[10] 18% од ЛГБТИ луѓето доживеале дискриминација кога им пристапиле на службите за социјална помош. Оваа стапка, како што се очекува, е повисока во однос на трансродовите луѓе (21%). Една друга анализа пак, што ја спроведе ЛГБТИ Центарот за поддршка,[11] покажува дека 39% од ЛГБТИ луѓето биле дискриминирани кога им пристапувале на службите за социјална заштита. Само 17% од нив ги пријавиле таквите случаи на дискриминација во ЦСР, додека пак 75% од нив не пријавиле во ниедна друга институција или организација. Главна причина за непријавување на случаи на доживеана дискриминација кога некој им пристапува на службите за социјална помош е немањето доверба во институцијата (45%,) додека пак другите причини вклучуваат работи од типот на страв од штетни последици (34%), непријатност да се зборува за сопствената сексуална ориентација и/или родов идентитет и други причини (4%). Оваа анализа го потврди присуството на високо ниво на недоверба на ЛГБТИ луѓето кон институциите, но исто така покажува дека постои итна потреба за воведување мерки што ќе обезбедат гаранции дека релевантните социјални услуги им се даваат на ЛГБТИ луѓето, на недискриминаторски и на пристоен начин.

На трансродовите луѓе и на интерсекс луѓето, родот законски не им се признава, затоа, без соодветни документи за лична идентификација, не можат да им се обратат на службите за економска и социјална помош и немаат пристап до места за домување и право на наследство. Врз основа на наодите на истражувањето спроведено од Европската агенција за фундаментални права,[12] 26% од трансродовите луѓе биле дискриминирани кога сакале да најдат место за живеење (домување) поради својот родов идентитет, стапка која што е значително повисока од севкупниот процент на ЛГБТИ луѓе (16%) кои што доживеале ваков вид дискриминација.

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

**Останав без својот дом по завршување на Скопје прајд 2019**[13]

Т.М. потекнува од мошне религиозно муслиманско семејство. Од сите браќа и сестри, само најстарата сестра го прифаќа, додека пак братот цело време физички го напаѓа затоа што е геј.

---

[9] Следење на спроведувањето на препораките CM/Rec (2010)5 на Комитетот на министри на земјите членки за мерките

[10] https://fra.europa.eu/en/data-and-maps/2020/lgbti-survey-data-explorer

[11] Адндоновски, Кочо; Бојановска, Дориана; Богоевски, Павле; Гелевска, Андријана;. „Анализа на проблемите и потребите на ЛГБТИ луѓето во Република Македонија (на полето на социјалната заштита, правна помош и креирање политики.)“ 2016. ЛГБТИ Центар за поддршка.

[12] https://fra.europa.eu/en/data-and-maps/2020/lgbti-survey-data-explorer

[13] Студија на случај документирана од Субверзивен фронт

Секојдневно, таткото, но и другиот брат и братучедите, го тепаат само зашто е геј. За овие случаи никогаш не пријавил во полиција.

Ситуацијата особено се влоши откако Т.М. присуствуваше на првиот Скопје прајд и семејството го виде на телевизија. Откога се врати дома, татко му ја скрши вратата и почна да го тепа, уште посилно од минатите пати. Откако се обид да избега, братот го најде во дворот и продолжи да го тепа пред сите соседи.

Во период од 6 месеци му беше дадено сместување во засолништето Сигурна куќа во Скопје, но сега е на улица. Без иднина во С. Македонија, во мај 2020 г. се обрати до СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ за да побара помош за да побара азил во странство.

ПРЕПОРАКИ

- Изменување на Законот за домување со цел да вклучи одредби против дискриминација и заштита на правата на ЛГБТИ луѓето во достапноста на домување за нив.
- Министерството за труд и социјална политика треба да донесе мерки коишто ќе гарантираат обезбедување на релевантните социјални услуги, без дискриминација и со должна почит кон ЛГБТИ луѓето.
- Министерството за труд и социјална политика треба да обезбеди задолжителна обука за *сензитизирање* на социјалните работници да ја извршуваат работата со почит кон сексуалните и родовите малцинства.
- Итно повторно усвојување Законот спречување и заштита од дискриминација кој што ќе ги признава сексуалната ориентација, родовиот идентитет и изразување на родовиот идентитет и половите карактеристики, како основи за утврдување дискриминација.
- Донесување нова Национална стратегија за еднаквост и недискриминација за периодот 2021-2025 г. којашто ќе овозможува поголем степен на интегриран, систематски пристап за унапредување, почитување и заштита на човековите права на ЛГБТИ луѓето, заедно со донесување Национален акциски план за унапредување на човековите права на ЛГБТИ луѓето во С. Македонија, како дел од новата Стратегија.

## ЦОР 3 – Добро здравје и благосостојба

*- Таргет 3.3 До 2030 година да се стави крај на епидемијата на СИДА, туберкулоза, маларија и занемарените тропски болести и да се зајакне борбата против хепатитис, болестите кои се пренесуваат преку водата и другите заразни болести*

*- Таргет 3.7. До 2030 година да се обезбеди универзален пристап до здравствени услуги за сексуално и репродуктивно здравје, вклучително и за планирање на семејството, информирањето и едукацијата, како и да се интегрира репродуктивното здравје во националните стратегии и програми*

*- Таргет 3.8. Да се постигне универзално здравствено осигурување, заедно со заштита од финансиски ризик, пристап до квалитетни основни здравствени услуги и пристап до безбедни, ефективни, квалитетни и достапни основни лекови и вакцини за сите*

ШТО Е ПОСТИГНАТО?

Како Законот за правата на пациентите, така и Законот за јавно здравје, ја признаваат сексуалната ориентација како основна за утврдување заштита од дискриминација.

На почетокот на 2019 г. Собранието донесе нов Закон за прекинување на бременоста кој што во голем дел се оддалечи од истонасловениот Законот од 2013 г. со којшто речиси целосно се ограничуваше достапноста на легални абортуси. Законот од 2019 г. ги укина административните бариери што претходно беа воведени и го врати правото на безбедно прекинување на бременоста.

ЛГБТИК ЛУЃЕТО СЕ ЗАПОСТАВЕНИ

Според Законот за заштита на правата на пациентите (Член 5),[14] *„Пациентот има право на остварувањето на правата, пропишани со овој закон, без дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање, сексуална ориентација или кој и да е друг статус."* Законодавецот не успеал во овој случај да го вклучи родовиот идентитет и изразување на родот, како и половите карактеристики во списокот на основи за утврдување дискриминација, со што трансродовите луѓе уште повеќе се маргинализираат и се прават уште поневидливи. Законот за здравствена заштита,[15] во одредбата со која што ја уредува недискриминацијата (Член 9) не ги признава сексуалната ориентација, родовиот идентитет и изразување на родот (SOGIES) на човекот како основи за утврдување дискриминација. Исто така, Министерството за здравство не успеа да воведе функционални механизми што се предвидуваат со законот со цел да ги унапреди и да ги заштити правата на пациентите.[16]

---

[14] *Службен весник на Република Македонија* бр. 82/2008, 12/2009 и 53/2011. Закон за заштита на правата на пациентите.
[15] *Службен весник на Република Македонија* бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016. Закон за здравствена заштита.
[16] ГИНОВА, Б., 2018. *Извештај за спроведувањето на препораките CM/Rec (2010)5 на Комитетот на министри на земјите членки за мерките за борба против дискриминација заснована на сексуална ориентација или родов идентитет во Република Македонија.*

Од 2017 г. Министерството за здравство го презеде од Глобалниот фонд финансирањето на ХИВ програмата.[17] Но, граѓанските организации што работат на ова поле известуваат дека буџетот предвиден за таа програма не е доволен за развој на нови сервиси и за воведување на ПЕП и ПРЕП. Исто така, со моделот на финансирање не се гарантира навремено префрлување на финансиите, па така, во пракса, Министерството секогаш им ги префрла парите на граѓанските организации, со задоцнување, што предизвикува нарушување на квалитетот на ХИВ сервисите.[18] Во дополнение на ова, државата не успеа да обезбеди одржливост на оваа програма преку донесување соодветни закони и правила кои што ќе ја гарантираат одржливоста.

Во периодот пред 2015 г. тогашната Владата спроведуваше кампањи против абортус, што влијаеја врз стигматизирањето на жените што прават абортус и можеби влијаеја и на некои жени да побараат можности за правење скриени абортуси, коишто се небезбедни, при што ги изложуваа своите животи на ризик.[19] Таквата кампања започна во 2008 г. и истата резултираше во донесување закон за прекинување на бременоста во 2013 г. Законот (од 2013 г.) речиси целосно ја ограничи достапноста на легални абортуси, истиот беше оценет како ретрограден и штетен по здравјето на жените.[20] Во него се предвидуваа строги казни за медицинскиот кадар што врши итни абортуси, што предизвика застрашувачки ефект кај медицинскиот кадар и доведе до пракса на небезбедни абортуси, во итни ситуации. Комитетот за економски, социјални и културни права ѝ препорача на државата да ги измени рестриктивните закони.[21]

Граѓанските организации известуваат дека постои значителен недостаток од гинеколози, особено во руралните средини и оние места каде што претежно живеат Роми.[22] Затоа, државата не успеа да обезбеди пристап до соодветни здравствени услуги за групи луѓе што веќе се сметаат за маргинализирани и кои што имаат ограничен пристап до услуги.

Кога станува збор за достигнување на **Таргет 3.8.** и **Таргет 3В,** важно е да се истакне дека здравствените услуги за трансродовите луѓе речиси и да не постојат. Достапноста, како на општите, така и на посебните здравствени услуги за трансродови луѓе, е ограничена. Министерството за здравство не обезбедува обуки за медицинските работници во врска со здравјето на трансродовите луѓе.[23] Според една неодамнешна анализа, професионалниот медицински кадар во Македонија нема познавања, ниту умеење, за работа со трансродови луѓе, ниту пак е сензитивен, ниту свесен за здравствените потреби на трансродовите луѓе. Некои медицински услуги за потврдување на родот (од типот на препишување хормонална терапија и одредување психијатриски дијагнози) можат да им се понудат на трансродовите луѓе кога ќе посетат доктор, со упат издаден од граѓанските организации. Нема достапни услуги за ментално здравје за трансродови луѓе кои што сакаат да си обезбедат непречено социјално транзитирање и да се справат со психолошките

---

Хелсиншки комитет за човекови права на РМ, Скопје. http://lgbti.mk/wp-content/uploads/2018/09/Report-on-the-implementaion-of-the-Recommendation.pdf

[17] ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ/СИДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА О

[18] ЛГБТИ Преглед на проширувањето на ЕУ за 2019 LGBTI Enlargement Review 2019, подготвено од ILGA-Europe, во соработка со ERA – LGBTI Асоцијација за еднакви на права на Западен Балкан и во Турција *и други*, стр..26,27

[19] Линк на земјите потписнички на Пактот Treaty bodies Download

[20] Линк на земјите потписнички на Пактот Treaty bodies Download

[21] Линк на земјите потписнички на Пактот Treaty bodies Download

[22] Карта со оцена од заедницата #6 – ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување

[23] ГИНОВА, Б., 2018. *Извештај за спроведувањето на препораките CM/Rec (2010)5 на Комитетот на министри на земјите членки за мерките за борба против дискриминација заснована на сексуална ориентација или родов идентитет во Република Македонија.* Хелсиншки комитет за човекови права на РМ, Скопје. http://lgbti.mk/wp-content/uploads/2018/09/Report-on-the-implementaion-of-the-Recommendation.pdf

процеси со кои што се соочуваат. За други услуги пак, трансродовите луѓе обично треба да патуваат во Белград, Србија. Здравствените услуги за трансродовите луѓе не се финансираат преку Фондот за здравствена заштита. Во главниот град, Скопје, во една приватна болница, за прв пат се изврши операција за медицинско потврдување на родот и сега оваа услуга се нуди во С. Македонија, но трошоците се речиси исти како да се отпатува во Белград. Транс луѓето честопати се соочуваат со стигма и дискриминација од страна на професионалните медицински лица, особено транс-жените што се идентификуваат себеси како Ромки. [24] Министерот за здравство објави на една конференција дека операциите за трансродовите луѓе ќе се покриваат од страна на Фондот за здравствено осигурување. Оваа негова изјава предизвика бран од транс-фобија што имаше последователен ефект на ваква фобија изразена во медиумите и социјалните мрежи, при што се изрекуваа трансфобични изјави од страна на политичари, припадници на Конзервативната политичка опција, и од страна на оние од Социјалдемократската. Поради социјалниот притисок, кон крајот на денот кога министерот ја даде изјавата, тој соопшти дека ја повлекува.[25] Со ваквата негова постапка, создаде дополнителна правна несигурност и предизвика дури и подлабока маргинализација на трансродовите луѓе во земјата. Во 2019 г. Министерството за здравство формираше работна група за подготовка на протокол за третман на трансродови лица во врска со медицинско потврдување на нивниот род. За жал, закажувањето на изборите за февруари 2020 г. и постојната Ковид криза, ги одложија активности на работната група и ги изменија приоритетите на Министерството за здравство.

Според Законот за биомедицинско потпомогнато оплодување (БПО),[26] жени што не се во брак, жени во брачна заедница или жени во вонбрачна заедница (како што е дефинирано во Законот за семејство, т.е. заедница меѓу маж и жена) имаат право на БПО ако ги исполнуваат условите дефинирани во Законот, а во исклучокот што се дава во Член 9, вклучително и неплодност или поврзана болест. Сепак, овој закон не дефинира анти-дискриминаторски одредби и изрично не одредува дека е забрането „сексуалната ориентација“ да се смета за основа за дискриминација, па така, во пракса, со законов сѐ уште се претпочитаат само двојки што се во брачна заедница и луѓе во хетеросексуална вонбрачна заедница. Исто така, дури и во случаи кога жената ќе успее да им пристапи на третманите за БПО, нејзината партнерка, од ист пол, нема да има законско старателско право во врска со родителството на детето, што исто така претставува прекршување на репродуктивните права.

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

**Геј маж добива отказ поради неговиот ХИВ статус[27]**

---

[24] Писмен додаток кон ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ЗАКОНСКОТО ПРИЗНАВАЊЕ НА РОДОТ од НЕЗАВИСНИОТ СТРУЧЊАК НА ОН ЗА ЗАШТИТА ОД НАСИЛСТВО И ДИСКРИМИНАЦИЈА ЗАСНОВАНА НА СЕКСУАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА И РОДОВИОТ ИДЕНТИТЕТ Written Contribution to the REPORT ON LEGAL GENDER RECOGNITION Of UN Independent Expert on Protection against Violence and Discrimination based on Sexual Orientation and Gender Identity поднесена од ERA – LGBTI Equal Rights Association for Western Balkans and Turkey (ERA), PINK Embassy Albania, Streha LGBT (Shelter), Pro LGBT, CEL Kosova, Субверзивен фронт, Коалиција МАРГИНИ, Association Spectra, ЕГАЛ, Gayten – LGBT, Legebitra, TransAkcija Institute, Pembe Hayat and SPoD од 19 јуни 2018, стр.12-13

[25] ЛГБТИ Преглед на проширувањето на ЕУ за 2019 LGBTI Enlargement Review 2019, подготвено од ILGA-Europe, во соработка со ERA – LGBTI Equal Rights Association for Western Balkans and Turkey и други, стр.26

[26] *Службен весник на Република Македонија бр.* 37/2008, 164/2013, 149/2014, 192/2015, 37/2016. Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување.

[27] Студија на случај документирана од Субверзивен фронт.

Во март 2019 г. еден 24-годишен геј маж од Скопје, кој што живее со ХИВ, беше отпуштен од работодавачот. Отказното писмо беше насловено „Одлука за прекинување на работниот однос поради болест“ каде што директно се кажува дека ХИВ статусот на вработениот претставува закана по условите за работа, и по здравјето на колегите и гласи, како што следува:

> *„... по редовниот систематски преглед на здравјето на вработениот, беше пронајдено заболување – ХИВ дијагноза која што претставува закана на работното место и под страв на пренос на вирусот на останатите вработени, во согласност со Член 28 став 1, точка 3 од Законот за работни односи – закана поради здравствена состојба, неговиот договор за вработување се прекинува без отказен рок.“*

Работодавецот во одлуката исто така изјавува дека одлуката не може да се обжалува, при што ги прекршил правата на работникот да побара правен лек по одлуката:

> "*ПРАВЕН ЛЕК: Вработениот нема право да се жали на одлуката, а во случај на жалба, откако ќе ја прими оваа одлука поднесена од страна на Раководителот на компанијата, поднесената жалба не го одлага извршувањето на оваа одлука. “*

Овој човек го пријави случајот до Субверзивен фронт каде што му беше понудена бесплатна правна помош и совет, му беа објаснети прекршувањата на неговите човекови права, законски одредените санкции за сторување на такви прекршувања, како и деталите за правната постапка, во случај ако сака да отпочне постапка против работодавецот. Субверзивен фронт исто така, му обезбеди и психолошко советување. Но тој, на крајот одлучи да побара азил во друга земја, врз основа на одлуката на работодавецот, и врз основа на други прекршувања на неговите основни човекови права кои што ги претрпел, претходно. Една од главните причини зошто реши да побара азил, наместо да бара правда во РС Македонија, беше неговата недоверба дека релевантните државни органи ќе одлучат во негова корист (оваа негова перцепција ја поткрепуваше со негово претходно лично искуство со органите на државата, во слични ситуации). Исто така, овој човек се плашеше ако преземе какви и да било чекори пред органите на државата, можеби неговиот ХИВ статус ќе биде разоткриен во средини, каде што тоа не е неопходно, што дополнително ќе ја загрози неговата приватност.

ПРЕПОРАКИ

- Да се вклучат постапки за потврда на родот во DRG – системот (групата поврзана со дијагноза) и истите да се финансираат преку државниот Фонд за здравствено осигурување.
- Министерството за здравство треба да подготви и да донесе Протокол за здравствена заштита за трансродови луѓе коишто медицински транзитираат/прават постапки за потврдување на родот.
- Законот за здравствена заштита да ги вклучи како основи за утврдување дискриминација, сексуалната ориентација, родовиот идентитет и изразување на родот, и половите карактеристики.
- Законот за заштита на правата на пациентите да ги вклучи како основи за утврдување дискриминација, родовиот идентитет и изразување на родот, и половите карактеристики.

- Да се развијат сет мерки со цел да се одговори на ефектите врз менталното здравје на ЛГБТИ луѓето што се резултат од стигматизација извршена против нив и соодветно да им се овозможи пристап до услугите за ментално здравје.

## ЦОР 4 – Квалитетно образование

- *Таргет 4.5. До 2030 година да се елиминираат родовите разлики во образованието и да се обезбеди еднаков пристап до сите нивоа на образование и стручна обука за ранливите граѓани, вклучително и за лицата со посебни потреби, домородните народи и децата во ранлива состојба*
- *Таргет 4.7. До 2030 година да се гарантира сите ученици да се здобијат со знаења и вештини потребни за промовирање на одржливиот развој, меѓу другото, преку едукација за одржлив развој и одржлив начин на живот, човекови права, родова еднаквост, промоција на културата на мирољубивост и ненасилство;*

ШТО Е ПОСТИГНАТО?

Во врска со што сѐ е постигнато околу **таргет 4.5.** беше донесен нов закон за Основно образование што вклучува SOGI (сексуална ориентација и родов идентитет) и не дозволува да се врши дискриминација по овие основи. Во него се вклучени и одредби за спречување и заштита од насилство, а училиштата пак мораат да го пријавуваат секој вид насилство. Видовите насилство и постапката за пријавување ќе се дефинираат во посебен правилник. Сѐ уште не се имплементирани никакви мерки за спречување и заштита од хомофобично и трансфобично врсничко насилство (булинг).[28]

Во врска со постигнувањата на **таргет 4.7**, во 2017 г. судските постапки кои беа покренати во врска со дискриминаторската содржина во учебниците по Граѓанско образование за осмо одделение и Општество за четврто, ја достигнаа својата завршница.

Во учебникот за четврто одделение основно образование насловен Општество, Народниот правобранител утврди дискриминација врз основа на брачниот и семејниот статус, како и врз основа на религија, во содржините во коишто се претпочитаат традиционални семејни вредности, вредности претставени како единствен погоден и нормален модел на однесување. Народниот правобранител утврди дека ваквите содржини се во спротивност со правото на образование и со националните закони и меѓународните стандарди за образование. Министерството за образование и наука донесе одлука за формирање Комисија која што ќе биде одговорна да предлага изземање на веќе одобрен за користење учебник. Наспроти наодите на Народниот правобранител, сѐ уште останува нејасно дали Државниот просветен инспекторат ќе преземе мерки по претставката упатена против користење на овој учебник. Единствена информација што ја добивме од оваа институција е тоа дека со цел некој учебник да се повлече од употреба, Министерството за

[28] ЛГБТИ Преглед на проширувањето на ЕУ за 2019 LGBTI Enlargement Review 2019, подготвено од ILGA-Europe, во соработка со ERA – LGBTI Equal Rights Association for Western Balkans and Turkey и други, стр.27

образование и наука мора прво да формира комисија. Покрај упатените барања за појаснување и за итен одговор, Државниот просветен инспекторат не одговори и не презеде дејства по упатената претставка, иако, според Законот за учебници за основно и средно образование[29] тој е должен да врши следење и спроведување на законот.

Во врска со учебникот за осмо одделение насловен Граѓанско образование, во кој што се тврдеше дека „само почитуваните жени и здравите мајки можат да издржуваат здрави семејства, од што зависи идниот развој на општеството," и во кој што се содржеа шовинистички текстови од Библијата кои што се претставуваа како факти, Народниот правобранител утврди дискриминација заснована на род, здравствена состојба и религија. По препорака на Народниот правобранител, Министерството за образование и наука донесе одлука да го укине и да го повлече учебникот од употреба. Беше упатена претставка против употреба на учебникот до Комисијата за заштита од дискриминација, но Комисијата излезе со одлука, по двомесечно задоцнување од законски утврдениот рок, според која „не може да дејствува во насока на претставката поради изменетите околности според кои прекршувањето на правото изречено од страна на подносителот, е укинато." Праксата на оваа комисија да не дејствува во вакви случаи е самата по себе, спорна, ако се има во предвид дека навистина постоела дискриминација, што може да се докаже со фактот дека учебникот е укинат поради тоа што Комисијата не дејствувала навремено. Исто така, аргументите на Комисијата дека „навремено пријавување на случаите и случаите на дискриминација се клучни за менување на состојбата на терен," е небулозна бидејќи Комисијата беше таа што со задоцнување реагираше по претставката, а не подносителот.

Исто така, во учебникот по Биологија за прва година за ученици од гимназиското образование, беа забележани дискриминаторски заблуди за дроги и луѓе што користат дроги. Авторите во него не се воздржуваат да изречат навреди, фатализам и да ги истакнат стереотипите насочени против луѓе што користат дроги, претставувајќи ги како лесноумни, крадци, агресивци, и сл. Народниот правобранител утврди дека е сторена директна дискриминација и малтретирање засновано на здравствената состојба и социјалниот статус, што е во спротивност со правото на образование, при што на учениците им се нуделе лични ставови засновани на предрасуди, наместо современи научни факти. За разлика од случаите со учебниците по Граѓанско образование и Општество, Министерството за образование и наука овој учебник не го повлече од употреба, туку реши да го информира Народниот правобранител и јавноста[30] дека во тек била постапка за ново ревидирање на Наставните планови и програми со цел да се „надминат претходните грешки во учебниците и да се усвојат нови содржини кои што ќе кореспондираат на сегашното живеење." Комисијата за заштита од дискриминација, којашто, истиот ден, ја прими претставката како и Народниот правобранител, (31.7.2017), сè уште нема донесено одлука по неа, и покрај фактот што законски одредениот рок за постапување по неа истече на 31.10.2017 г.

ЛГБТИК ЛУЃЕТО СЕ ЗАПОСТАВЕНИ

Во врска со натамошните постигнувања на **таргет 4.7.** хомофобичните и трансфобичните содржини во одредени учебници сè уште не се укинати. Европската комисија во извештајот за напредокот на С. Македонија уште во 2011 г. го подвлече фактот дека учебниците во универзитетите и средните

---

[29] Закон за учебници за основно и средно образование, КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ (Службен весник на РМ броеви 98/2008, 99/2009, 83/2010, 36/2011, 135/2011, 46/2012, 24/2013, 120/2013, 29/2014, 146/2015, 217/2015 и 30/2016).

[30] НОВА ТВ: Дескоска: Ревидирање на сите учебници што охрабруваат дискриминација, 22.6.2017. ž

училишта ја третираат хомосексуалноста како болест.[31] Оттогаш, не е постигнат значителен напредок по ова прашање. Коалицијата МАРГИНИ се залага, повеќе од десет години, за изменување на учебниците на сите нивоа на образованието. Постојат повеќе од 20 учебници кои што се објавени, а се идентификувани дека содржат хомофобични и трансфобични содржини, а има и мошне неодамна објавени со таквите содржини учебници, а тие пак се дел од наставната програма на полицијата, медицинските училишта, психолозите, и сл.

Промената на владата донесе надеж дека дискриминаторските содржини во основното и во средното образование ќе се укинат и ќе се заменат со нови, современи содржини што се насочени кон почитување на човековите права и промоција на еднаквоста. За жал, високото образование не може да се пофали со воведување вакви промени, особено универзитетите и факултетите.

Постојат универзитетски професори, кои што се автори на дискриминаторски содржини што се користат во учебници на различни факултети, и истите имаат поддршка од одредени ректори и декани, кои што сè уште одбиваат да ги повлечат, а тие пак се навредливи за цели групи граѓани. Општите аргументи на универзитетските професори и нивните поддржувачи оддаваат впечаток дека не разбираат што значи автономија на универзитетите и слобода на изразување, која што во случајов може да се квалификува како претенциозна, ако се земе во предвид претпоставката дека универзитетските професори треба да се свесни за основните концепти како што е слободата на изразување, наспроти говорот на омраза.

Коалицијата МАРГИНИ, веќе цела една деценија, се бори да ги избрише дискриминаторските текстови од учебниците за високо образование преку различни методи и стратегии, од типот на анализи на содржините на учебниците, испраќање барања до компетентните органи и до авторите со цел бришење на одредени содржини, конференции, постојана подготовка на извештаи за состојбата што се испраќаат на домашни и меѓународни тела, обиди за остварување соработка со компетентните институции и универзитети, како и користење на постојни механизми за заштита од дискриминација, како што е Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација.

Резултатите од постапките што се водат пред Народниот правобранител и пред Комисијата за заштита од дискриминација имаат ограничен ефект, т.е. само шест[32] учебници со хомофобична содржина се повлечени од официјалната библиографија за студентите, како резултат на претставките, но и поради согласноста и волјата од страна на авторите да ја признаат својата грешка и да ги повлечат спорните содржини. Досега, уште девет[33] други претставки се поднесени во врска со учебници за високо образование што содржат дискриминаторски текстови против ЛГБТИ луѓе, луѓе што живеат со ХИВ и луѓе што користат droги. Народниот правобранител утврди дискриминација во пет случаи, во два, постапката беше оспорена и не беше утврдена

[31] https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2011/package/mk_rapport_2011_en.pdf

[32] Учебниците по Психијатрија, Книга 1 и 2 и учебникот по Медицинска психологија од Ѓорѓи Чадловски беа повлечени од употреба согласно претставката поднесена од Коалицијата МАРГИНИ до Комисијата за заштита од дискриминација. Два учебници, (Психопатологија на деца и млади и Медицинска психологија) од Гордана Станковска, што се користат на Државниот универзитет во Тетово беа повлечени од употреба согласно претставката поднесена до Народниот правобранител од Коалицијата МАРГИНИ, додека пак учебникот по Психијатрија беше повлечен од самата авторка, по реакциите на Коалицијата.

[33] Криминалистичка психологија од професор доктор Лилјана Батковска, три учебници по психологија од професор доктор Олга Мурџева Шкариќ, Социјална патологија од професор доктор Зоран Сулејманов и професор доктор Нелко Стојановски, Психологија на личноста од професор доктор Благоја Јанаков, Значењето на бракот (превод од англиски, што се користи на Филозофски факултет Скопје), два учебници по етика на Кирил Темков.

дискриминација, а за другите два случаи постапката сеуште е во тек и се чека одлука. Но, во петте случаи за кои што беше утврдена дискриминација, тие сеуште не се повлекуваат и се употребуваат во високото образование. Следствено, може да се заклучи дека Комисијата за заштита од дискриминација и Народниот правобранител не претставуваат доволно ефикасни и ефективни механизми за повлекување на дискриминаторски содржини од учебници. Од една страна, Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација носат одлуки и даваат препораки, но, прашањето дали некој се придржува кон нив, во голема мера зависи од институциите, и покрај тоа што постојат механизми одредени со релевантни закони кои што им стојат на располагање на институциите во случаи кога одлуките на овие две тела се игнорираат. Од друга страна пак, исто така постои проблем со недоволната волја на институциите посериозно да се залагаат за повлекување на дискриминаторските содржини. Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација не успеаја да ја усогласат сопствената пракса, т.е. носат различни одлуки за учебници со слична содржина.[34] Народниот правобранител, дури и во случаи на веќе утврдена сторена дискриминација, не успеа да даде јасни препораки за постапката за повлекување на сомнителната содржина, туку претпочита да препорача да се изменат универзитетските правилниците за организирање на нивната издавачка дејност, преку дополнување со анти-дискриминаторски одредби.[35] Се разбира дека препораката да се додадат одредби против дискриминација во правилниците на универзитетите е добра препорака, која што во пракса може да предизвика позитивен ефект, но, универзитетите се чини дека ги прифаќаат дополнувањата, со воведување одредби против дискриминација, но не прифаќаат да ги повлечат од употребата дискриминаторските учебници, што од самиот почеток јасно укажува на нивната намера дали ќе ги почитуваат одлуките што ги донеле. Народниот правобранител треба да препорача, изрично, повлекување на дискриминаторските содржини заедно со воведување анти-дискриминаторски одредби, што ќе доведе до *де-факто* повлекување на дискриминацијата во учебниците. Исто така, најголемиот број препораки околу дискриминаторски содржини утврдени во учебници се однесуваат на сексуалната ориентација, родот[36], родовиот идентитет и здравствената состојба на луѓето, па така, се чини дека ќе биде логично Народниот правобранител да препорача овие основи да се воведат како основи за утврдување дискриминација во правилниците за издавачка дејност на универзитетите. Сè уште е нејасно зошто Народниот правобранител не успеа да ги вклучи ваквите основи за утврдување дискриминација во своите препораки, што исто така обемно зборува за намерата на оваа институција да ги заштити правата на ЛГБТИ луѓето, правата на луѓето што живеат со ХИВ и луѓето што користат дроги.

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

Постојат голем број случаи на учебници со хомофобична содржина, и тоа:

- Психологија на детството и адолесценцијата, Психологија на возрасните и стареењето, од професор Олга Мурџева Шкариќ, во кои што се прикажуваат луѓето што имаат хомосексуална ориентација како болни, перверзни, носители на СИДА и опасни по општеството.

---

[34] На пример, Народниот правобранител не утврди дискриминација во учебникот Психологија на личноста, но утврди дека постоело дискриминација во учебниците по психологија на проф. д-р Муџева Шкариќ, и покрај тоа што во прашање е слична содржина; исто така, учебникот Психологија на личноста содржи уште поексплицитна хомофобија.

[35]

[36] Нацрт одредбата содржи пол како заштитена карактеристика, а не род.

- Социјална патологија од професорите Нелко Стојановски и Зоран Сулејманов, каде што се содржи говор на омраза против ЛГБ луѓе и луѓе што користат дроги, т.е. лични научно незасновани гледишта на авторите кои што ја пресликуваат стигмата и предрасудите што постојат кон овие групи луѓе. Учебникот е во употреба на Филозофскиот факултет во Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј, и тоа на студиите по социологија, семејство и други вонматични студии.
- Учебниците Психопатологија на деца и млади и Медицинска психологија се користат на Државниот универзитет во Тетово на студиите по Психологија, Педагогија и сродни студии. Во овие учебници, на хомосексуалноста се гледа со подбивање и се третира како растројство, хомосексуалците се претставени како главни носители на СИДА, заедно со „наркоманите" и „проститутките," и се искажуваат небулози за трансродовите луѓе. Учебникот по Психијатрија од истата авторка, исто така содржи хомофобични и трансфобични содржини, на пример во случајот кога се тврди дека хомосексуалноста е растројство на сексуалните пориви. Авторката беше информирана за проблематичната содржина во учебникот по што таа одговори дека грешките биле утврдени и поправени.
- Учебникот по Форензичка психологија на Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола содржи вознемирувачки, навредливи и неточни содржини за трансродовите луѓе, незасновани на докази туку повеќе на лични предрасуди и лаги во кој што авторот верува. Особено недопусливо е тврдењето дека трансвеститите делуваат насилно во моменти на „неконтролирани пориви" да се облекуваат во женски алишта, и дека трансродовото насилство може да биде мошне брутално и да биде насочено против жени, како акт на одмазда зошто тие биле казнети од страна на природата која што не им дозволила да имаат женски изглед. Загрижувачки е фактот дека учебникот се наоѓа во задолжителната литература на студиите по Безбедност каде што се обучуваат идните полициски службеници.
- На Филозофскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, по предметот Семејна социологија, на списокот на дополнителна литература се дава учебникот Значењето на бракот: семејството, државата, пазарот и моралот (Роберт П. Џорџ, Џин Бетк Елштајн), превод од англиски јазик од 2013 г. Преводот на оваа книга беше дел од владиниот проект, спроведен од страна на Министерството за образование и наука, што вклучи преводи на македонски јазик на научна литература од различни области. Оваа книга е подготвена од американски конзервативци[37] кои што се мошне ангажирани во борбата против еднаквоста на бракот во САД и се олицетворение на американската конзервативна пропаганда, насочена против правата на ЛГБТИ луѓето.
- Персонологија – скрипта на списокот на задолжителна литература на Универзитетот Кирил и Методиј која е во форма на необјавен работен материјал, а која што се користи со години[38] на студиите по Психологија, со одредени измени, напишана од авторот и професор Благоја Јанаков. Авторот ја смета хомосексуалноста како нешто неприродно, ненормално, „незрел и нездрав сексуален однос," којшто „се заканува на опстанокот на човекот и човештвото, културата и цивилизацијата," и сл. Понатаму, овој автор тврди дека допуштањето на хомосексуалноста значи допуштање односи меѓу родител и дете, деца и возрасни, луѓе и

[37] Уредниците на книгата се американски универзитетски професори. Роберт П. Џорџ е конзервативен интелектуалец, професор по право, близок е до Републиканската партија и бивш претседател е на Националната организација за брак (организација којашто се застапува против истополови бракови). Џин Бетке Елштајн е професор по етика и политичка филозофија, позната е по нејзините јавни ставови против истополовите бракови и поддржувач е на војните во Ирак и Авганистан.

[38] Оваа мошне хомофобична скрипта веќе десет години се користи на предавањата, а според нашите наоди, без да биде објавена, според постапката што се препишува во Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот и внатрешните правилници за издавачка дејност и наставна литература.

животни и „луѓе и андроиди, роботи, виртуелни суштества, уметнички дела, коли, садови...“[39]

Ненаучни содржини што изобилуваат со говор на омраза насочени против ЛГБТИ луѓето, а се користат на водечките државни универзитети, се доволна причина за ограничување на правото на изразување, како неопходна мерка во едно демократско општество, во насока на заштита на правата на ЛГБТИ луѓето и заштита на правото на образование на сите студенти.

ПРЕПОРАКИ

- Во процесот на изменување на учебниците, треба да се посвети особено внимание на родовата еднаквост, родовите стереотипи, претставување на маргинализираните заедници, особено ЛГБТИ луѓе и луѓе што користат дроги.
- Со цел учениците точно да се информираат и да се промовира еднаквоста и човековите права, учебниците треба да содржат современи и релевантни содржини во насока на унапредување на човековите права на сите граѓани, без оглед на нивната сексуална ориентација, родов идентитет, здравствен и социјален статус.
- Министерството за образование и наука треба ги вклучи граѓанските организации на ЛГБТИ луѓето во постапката на изменување на учебниците со цел да гарантира дека во содржините нема повеќе да постојат неточни информации, стигми и содржини што ги дискриминираат маргинализираните заедници.
- Универзитетите во целата земја треба да ги изменат учебниците така што ќе ги исфрлат од употреба оние учебниците што содржат дискриминаторски содржини и ќе ги заменат со нови учебници, засновани на научни содржини. Во оваа смисла, автономијата на универзитетите во ниеден случај не смее да се толкува дека ним им е дозволено да пласираат навреди, говор на омраза, дискриминација и да го повредуваат достоинството на цели групи граѓани.
- Народниот правобранител и Комисијата за заштита од дискриминација, како тела што ја штитат еднаквоста, чија работа е еднаква заштита на правата на сите граѓани, вклучително и на ЛГБТИ луѓето, луѓето што живеат со ХИВ, секс работниците и луѓето што користат дроги, треба веднаш да ги засилат своите капацитети во насока на признавање на основите за дискриминација и заштита од дискриминација на сите граѓани, преку проучување на законите за човекови права и праксата на меѓународните тела за заштита на човековите права.
- Македонското Собрание треба да ги преземе сите мерки потребни за следење на активностите на независните тела за заштита на човековите права, преку поставување пратенички прашања и одржување собраниски комисии за надзор, и во случаи кога постојат непрофесионални или пристрасни дејства сторени од страна на именуваните членови во овие тела, истите да ги сменат од должност и на нивни места да именуваат професионални и независни стручњаци, во согласност со законот.

[39] Персонологија: Основи на персонологија, Б. Јанаков, 2017, стр. 36

# ЦОР 5 – Родова еднаквост и еманципација на сите жени и девојчиња

*- Таргет 5.1. Да се укинат сите форми на дискриминација против жените и девојчињата, насекаде*

*- Таргет 5.2 Да се елиминираат сите форми на насилство врз жени и девојчиња во јавната и во приватната сфера, вклучително и трговијата со луѓе, сексуална и друг вид експлоатација*

*- Таргет 5.3 Да се елиминираат сите штетни појави, како што се присилни бракови со деца, бракови во рана возраст и генитално осакатување на женската популација*

*- Таргет 5.В. Да се усвојат и да се подобрат цврсти политики и акти за нивно спроведување со цел подобрување на родовата еднаквост и еманципација на сите жени и девојчиња, на сите нивоа*

ШТО Е ПОСТИГНАТО?

Во врска со **таргетите 5.1.** и **5.2.** во декември 2017 г. Собранието ја ратификуваше Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство. Во септември 2018 г. Владата го усвои Националниот акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство кој што дефинира три главни цели што се релевантни за ЛГБТИ луѓето, а тоа се донесување нови или изменување на постојните закони во согласност со Конвенцијата; воведување услуги за жртвите на родово-засновано насилство скроено според потребите на ранливите луѓе, вклучително и ЛГБТИ луѓето и активности за спречување на родово-засновано насилство кои што вклучуваат воведување сеопфатно сексуално образование, промоција и објавување содржини кои што ќе служат за искоренување на поделбата по родови улоги, ненасилно решавање на конфликти, и сл. Во декември 2018 г., Министерството за труд и социјална политика формираше работна група за подготовка на закон за спречување и заштита на жените од насилство и семејно насилство. Владата го усвои нацртот на овој закон и истиот му го поднесе на Собранието за усвојување, пред тоа да се распушти поради одржување на предвремените избори.

Министерството за труд и социјална политика презеде активна улога во заштитата, унапредувањето и почитувањето на човековите права на ЛГБТИ луѓето, како на национално, така и на меѓународно ниво, преку организирање на првата национална конференција за унапредување на човековите права на ЛГБТИ луѓето во С. Македонија на 27-28 јуни 2019 г.[40]

ЛГБТИК ЛУЃЕТО СЕ ЗАПОСТАВЕНИ

Во врска со постигнувањата на **таргет 5.2,** но и на ЦОР 8, **таргет 8.8**, битно е да се нагласи дека трансродовите луѓе во С. Македонија, особено транс жените секс работнички, сè уште се една од најдискриминираните групи во општеството и честопати се жртви на омраза и малтретирање, што

[40] Повеќе информации за конференцијата се достапни тука: https://www.lgbti-era.org/news/national-conference-skopje-advance-lgbti-rights-and-strengthen-regional-cooperation

се случува дури и во јавните институции.  Се соочуваат со вербално, физичко и психолошко насилство, во секојдневниот живот.

Правниот вакуум околу законското признавање на родот (**таргет 5.Б**) доведува до тоа органите на власта да донесуваат произволни одлуки кои што не го признаваат родовиот идентитет на трансродовите луѓе.  Во одредени случаи Управата за водење на матичната евиденција им наметнува на барателите да извршат стерилизација или операција, како услов за признавање на родовиот идентитет.  Бидејќи не постои јасна законска процедура, трансродовите луѓе ги користат постојните закони со цел делумно законски да си ги усогласат родот[41] означен во податоците на јавните исправи, со својот родов идентитет: а) Законот за лично име[42] им дозволува на трансродовите луѓе да се го сменат името ако ги исполнуваат условите што важат за сите граѓани, без исклучок на трансродовите луѓе; б) Законот за лична карта[43] дозволува замена на лична карта со изменети податоци (Член 8) само во случај на промена на личното име или адресата на барателот.  Овој закон не дефинира јасна постапка за промена на родовата ознака и за единствениот матичен број (кој што содржи податок за назначениот род при раѓање); в) Законот за патни исправи[44] дозволува издавање замена на стариот со нов пасош со измени во податоците (Член 26-а) во случаи на промена на лично име, датум на раѓање, пол и единствен матичен број. Но, Законов не дефинира јасна постапка за промена на родовата ознака во единствениот матичен број на барателот; и г) Законот за матична евиденција[45] го регулира внесот на податоци, управува со матичните книги, како и со промените и исправките на податоците означени во матичните книги. Исто како и претходноспоменатите закони, и овој Закон не дефинира јасна постапка за промена на ознаката на родот во рамките на единствениот матичен број на граѓанинот.

Од 2011 г. до сега, со помош на ваквата ограничувчка регулатива, само тројца трансродови луѓе успеаја во своите јавни исправи да го означат својот вистински род. Како резултат на произволноста на постапките, во 2016 г. еден случај беше обжален и пред Европскиот суд за човекови права (понатаму: ЕСЧП,) а во јануари 2019 г. ЕСЧП донесе пресуда дека С. Македонија го прекршила правото на приватен живот на тужителот, но исто така, не успеала да донесе закон кој што ќе гарантира јасна, транспарентна и достапна постапка за законско признавање на родот. Министерството за правда формира работна група за подготовка на закон за матична евиденција кој што во посебни поглавја треба да ја регулира постапката за законско признавање на родот.  Дел од оваа група се и граѓански организации кои што земаа значајно учество во подготовката на овој нацрт закон, сè до јуни 2019 г. Оттогаш наваму, нема никаква друга активност во насока на финализирање на овој  процес. Владата не ја спроведе одлуката на ЕСЧП и лицето Х сè уште нема примено позитивна одлука во случајот - Законско признавање на родот.

---

[41] БОШКОВА, Наташа; РАИДЕН, Игор;  2017. "Analysis of positive practice for legal gender recognition." Coalition Margins [Коалиција МАРГИНИ].

[42] Службен весник на Република Македонија бр. 8/95 8/1995; 66/2007; 103/2008; 51/2011; 154/2015 and 55/2016. Закон за личното име.

[43] Службен весник на Република Македонија бр. 8/1995; 38/2002; 16/2004; 12/2005; 19/2007; 10/2010; 51/2011; 13/2012; 166/2012; 154/2015 and 55/2016. Закон за лична карта.

[44] Службен весник на Република Македонија бр. 67/1992; 20/2003; 46/2004; 19/2007; 84/2008; 51/2011; 135/2011; 106/2014; 154/2015 and 55/2016. Закон за патна исправа.

[45] Службен весник на Република Македонија бр. 8/1995; 38/2002; 66/2007; 98/2008; 67/2009; 131/2013; 43/2014; 148/2015 and 27/2016. Закон за матична евиденција.

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

*Во 2011 г. забележани се два случаи на обид за менување на родовата ознака: во еден од случаите, во еден помал град во земјата, службени лица извршија промена на родовата ознака во правните исправи, но во другиот случај, трансродовото лице не успеа да ја смени ознаката за својот род. Иако и обајцата трансродови мажи беа во иста фаза на медицинско транзитирање (иако ова не е услов што го препишува ниеден закон), само оние службени лица од помалиот град го следеа словото на Уставот (Член 8)[46] и извршија промена на ознаката за род во сите правни исправи на ова транс лице. Во вториот случај пак, Управниот суд најде неправилности во постапката на првостепениот орган и го врати случајот на повторно одлучување и спорот трае веќе повеќе години (од 2011 г.).[47] За овој случај, Коалицијата МАРГИНИ подготви и поднесе жалба до Европскиот сид за човекови права.*

***Овој случај ја покажува недоследноста на практикувањето на правото што, кај трансродовите луѓе, создава правна несигурност.***

ПРЕПОРАКИ

- Да се донесе закон што законски ќе го признава родот на луѓето, кој што ќе дозволува брза, транспарентна, лесна и достапна административна постапка, заснована на само-определбата на родот на луѓето.
- Да се измени наставната програма на Академијата за судии и обвинители и новата да вклучува задолжителна обука против дискриминација заснована на нечија сексуална ориентација, родов идентитет и изразување на родот, и нивните полови карактеристики.

## ЦОР 10 – Намалена нееднаквост

- *10. 2. До 2030 година да се зајакне и да се унапреди социјалната, економската и политичката инклузија на сите луѓе, без оглед на возраста, полот, попреченоста, расата, етничката припадност, потеклото, религијата, економскиот или друг статус*
- *10.3 Да се осигури еднаква можност и намалување на нееднаквоста во постигнувањата, вклучително и преку елиминирање на дискриминирачките закони, политики и пракси и промовирање соодветна законска регулатива, политики и активности за оваа намена*

[46] Член 8 од Уставот на Република Македонија: „Во Република Македонија слободно е сè што со Уставот и закон не е забрането."

[47] Како што се вели во ГИНОВА, Б. 2018, *Извештај на спроведувањето на Препораката CM Rec (2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа до земјите членки во однос на мерките против дискриминација заснована на сексуалната ориентација или родов идентитет во Република Македонија.* Хелсиншки комитет за човекови права на РМ.

ШТО Е ПОСТИГНАТО?

До моментот на објавување на извештајов, регулативата во С. Македонија признава дискриминација само врз основа на сексуалната ориентација на луѓето во следниве закони:

- Закон за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги;
- Закон за јавно здравје
- Закон за високо образование
- Закон за волонтерство
- Закон за основно образование
- Закон за социјална заштита
- Закон за јавното обвинителство
- Закон за извршување санкции
- Закон за вработување. Мора да се истакне дека законодавецот го користи изразот „полова насоченост“ кој што е ограничен и не ги вклучува сите аспекти на „сексуалната ориентација“
- Закон за заштита на правата на пациентите

Во декември 2017 г., беше ратификувана Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, општо позната како Истанбулска конвенција. Истанбулската конвенција претставува најсеопфатен, најдетален и нај-законски-обврзувачки одговор на насилството против жените, како и против родово заснованото насилство против луѓето во светот, и ова е значителен чекор напред во заштитата на правата на ЛГБТИ луѓето, бидејќи одредбите против дискриминација ја вклучуваат, како сексуалната ориентација на човекот, така и неговиот родов идентитет. Ова е од уште поголема важност за трансродовите луѓе зашто, во моментов, ова е единствената важечка регулатива во земјава која што признава сторена дискриминација заснована на родовиот идентитет на жртвата, покрај Кривичниот законик кој што, исто така, ги признава обете категории на сексуална ориентација и родов идентитет, којшто пак предвидува дека може да се сметаат за законски основи за сторен криминал од омраза.

ЛГБТИК ЛУЃЕТО СЕ ЗАПОСТАВЕНИ

Иако некулку гореспоменати закони содржат СОГИ како основа за дискриминација, државата не успеа да овозможи соодветни услови за усвојување сеопфатни анти-дискриминаторски правила. Работната група за подготовка на Законот за спречување и заштита од дискриминација што вклучи и претставници на различни заинтересирани страни, подготви еден од најдобрите нацрт закони досега, во поширокиот регион. Нацрт законот ги призна, и сексуалната ориентација, но и родовиот идентитет, како основи за утврдување дискриминација. Во дополнение, ги вклучи интерсекциската и повеќеслојната дискриминација и предвиде професионализација на Комисијата за заштита и спречување од дискриминација, а ова беше значителен чекор напред во споредба со Законот од 2010 г. На 16 мај, Собранието овој Закон го донесе со просто мнозинство. Но, бидејќи Законот беше вратен на повторно разгледување во Собранието, од сега веќе поранешниот претседател на земјата

(од демохристијанскиот политички блок), сега истиот треба да се донесе со двотретинско мнозинство, а не со просто. Ова им даде можност на оние што беа против законот, истиот да го обжалат пред Уставниот суд и во мај 2020 г., да го добијат случајот. Со одлуката од страна на Уставниот суд, овој закон што беше одбележан како прогресивен, беше поништен од Судот, а оној пак од 2010 г. влезе повторно во сила. Ова донесе значително уназадување во смисла на постигнувањата што беа направени околу правата на ЛГБТИ луѓето и со голема сигурност, ги запостави ЛГБТИ луѓето.

Други битни закони во С. Македонија кои што не вклучуваат сексуална ориентација и родов идентитет како основи за заштита од дискриминација се: а) Закон за еднакви можности на жените и мажите; Закон за ментално здравје; Закон за здравствена заштита; Закон за волонтерство; Закон за судовите и други.

Во врска со слободата на изразување и здружување, Уставот на РС. Македонија ја гарантира слободата на изразување (Член 16) и слободата на мирно собирање и здружување (Член 21). Од 2018 г. наваму, Кривичниот законик исто така ги признава сексуална ориентација и родовиот идентитет како основи за заштита од криминал од омраза. И покрај ова, дури и по смената на владата во 2016 г., ниедно од кривичните дела од омраза што беше сторено против ЛГБТИ Центарот за поддршка и ЛГБТИ луѓето во периодот од 2012 до 2014 г. не доживеа да биде подигнато обвинение. Жртвите што го преживеаја овој криминал од омраза досега немаат добиено соодветен правен лек за тоа. Непостоењето на правно казнување доведува до сторување повеќе насилство што се документира преку ЛГБТИ организациите, а истото пак е отсликано и во нивните истражувања. Според една анкета на ЕУ Агенцијата за фундаменталните права (ФРА), објавена во мај 2019 г, во последните пет години, 19% од ЛГБТИ луѓето доживеале физичко или сексуално насилство поради тоа што имаат ЛГБТИ идентитет. Ситуацијата е многу полоша по однос на трансродовите луѓе (39%). Според истражувањето спроведено од Коалицијата МАРГИНИ, насловено „Трансродовото искуство: идентитети, тела, насилство и социјализација,“ објавено во 2018 г., сите испитаници доживеале одредена форма на насилство.[48]

За ЛГБТИ организациите пристапот до (мејнстрим) медиумите е сѐ уште ограничен. Наодите покажуваат дека во медиумите постои висока застапеност на негативно претставување на ЛГБТИ заедницата. Коалицијата МАРГИНИ врши постојан мониторинг на медиумите. Според последниот објавен извештај „Framing the Rainbow: Анализа на известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТ,"[49] во кусиот период меѓу 1 јануари и 15 јули, 2017 г, 28,9% од извештаите во медиумите што се однесуваа на С. Македонија изрично искажуваа негативен став кон ЛГБТИ заедницата или кон луѓето што се идентификувани во текстот. Според извештајов, во речиси сите анализирани текстови, ЛГБТИ заедницата и луѓето што јавно се застапуваат за оваа заедница се контекстуализираат на политичко-манипулативен начин со цел да се нападнат или да

---

[48] "Трансродовото искуство: идентитети, тела, насилство и социјализација", Славчо Димитров, Коалиција МАРГИНИ, Скопје 2018.
[49] "Framing the Rainbow: Анализа на известувачките рамки во медиумското покривање на теми поврзани со ЛГБТ", Игор Мицевски, Коалиција 'Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници', Скопје 2017.

се демонизираат противниците од спротиставените политички партии, и на таков начин, дискурзивно се злоупотребени.

ПРЕПОРАКИ

- Да се врати во собраниска постапка и да се усвои Законот за спречување и заштита од дискриминација којшто ќе ја признава човековата сексуална ориентација, родовиот идентитет и половите карактеристики како основи за утврдување дискриминација и ќе ја признава интерсекциската димензија на сторена дискриминација, заснована на повеќе основи, и ќе ја професионализира Комисијата за заштита од дискриминација, и ќе предвидува строги критериуми за избор на членови на таквата Комисија.
- Соодветно практикување на одредбите против дискриминација во сите релевантни закони коишто ги признаваат сексуалната ориентација и родовиот идентитет на луѓето.
- Државата треба да ги финализира истрагите и обвиненијата за криминал од омраза заснован на сексуална ориентација или родов идентитет на жртвите и да им гарантира соодветен правен лек, за ваквите кривични дела.
- Да се приспособи терминологијата што се користи во Законот за работни односи и да се замени терминот „полова насоченост“ со „сексуална ориентација“ и да се додадат „родов идентитет,“ „изразување на родот,“ и „полови карактеристики“ како основи за дискриминација.

## ЦОР 11 – Одржливи градови и заедници

- *Таргет 11.1 До 2030 година да се осигури пристап за сите до соодветно, безбедно и достапно домување и основни услуги и надградба на сиромашните населби*
- *Таргет 11.2 До 2030 година да се обезбеди пристап до безбедни, пристапни, достапни и одржливи транспортни системи за сите, да се подобри безбедноста на патиштата особено преку проширување на јавниот превоз, со посебно внимание на потребите на ранливите лица, жените, децата, лицата со попреченост и постарите лица*
- *Таргет 11. 7 До 2030 година да се обезбеди универзален пристап до безбедни, инклузивни и достапни зелени и јавни површини, особено за жените и децата, за постарите лица и за лицата со попреченост*

ШТО Е ПОСТИГНАТО?

Во врска со постигнување на **таргет 11.7,** на 29 јуни 2019 г. С. Македонија ја одржа првата Прајд парада на гордоста.  Неколку илјади луѓе се прошетаа по улиците во центарот на Скопје, танцуваа и го мавтаа големото знаме на виножитото. На настанот исто така присуствуваа службени лица од

државната управа и дипломатите од амбасадите во Скопје.  Полицијата ја исполни задачата со тоа што ја гарантираше слободата на собирање на присутните на Прајд парадата и целиот настан помина во најдобар ред, но полицијата не успеа да одговори на искажаниот говор на омраза. Имаше организиран контра-протест на кој се промовираа традиционалните вредности, преку што постоеја намери луѓето што учествуваат на Прајд парадата да се испровоцираат и да се заплашат и да се прикаже несогласувањето на луѓето против одржување на Прајд парадата.  Парадата помина без ниеден сериозен инцидент и поради фактот дека се одржа и првиот Марш за зголемување на видливоста на трансродовите луѓе,[50] во месец март, ова се оценува како позитивен преседан во целиот регион.[51]

ЛГБТИК ЛУЃЕТО СЕ ЗАПОСТАВЕНИ

Во текот на првата Прајд парада, здруженијата за заштита на семејните вредности и свештени лица извикуваа пораки на омраза и плакати со извитоперени факти за ЛГБТИ луѓето.[52]  Исто така, негативните ставови против ЛГБТИ луѓето пропорционално се зголемија со зголемување на нивната видливост со настаните и кампањите, од типот на Прајд парадата.  Една друг настан што предизвика реакција во јавноста беше изјавата на Министерот за здравство во врска со операциите за потврдување на родот, при што во јавноста се јави дехуманизација на транс луѓето, па така тој мораше да ја повлече својата одлука.  Според наодите од анкетата за ЛГБТИ на Институтот за човекови права,[53] во октомври 2019 г. 80,2% од испитаниците сметале дека хомосексуалноста е болест, што претставува зголемување од 72,9% за разлика од добиените одговори во април, истата година.

Според последните испитувања на ЕУ ФРА за ЛГБТИ луѓето[54], 67% од луѓето во С. Македонија не сакаат да се држат за рака со својот партнер од ист пол, зашто се плашат дека ќе бидат нападнати, заплашени или малтретирани.  50% од испитаниците честопати или секогаш избегнуваат одредени места или локации бидејќи се плашат дека ќе бидат нападнати, заплашувани или малтретирани поради сопствениот ЛГБТИ статус, при што јавниот транспорт и јавните места (како што се плоштадите, улиците и парковите) се идентификувани како главни места каде што треба да се избегнува отворено да се биде ЛГБТИ.  Во последните 5 години, 19% од лицата имаат доживеано физички или сексуален напад, поради тоа што се ЛГБТИ, а 61% од овие напади се случиле на улица, плоштад, во парк, на паркинг, во јавен транспорт и на други јавни места.   37% изјавиле дека последниот инцидент на омраза им се случил на улица, плоштад, паркинг, јавен транспорт и други

[50] https://mk.voanews.com/a/transgender-visibilty-day-macedonia/4853556.html
[51] LGBTI Enlargement Review 2019, подготвено од ИЛГА-Европа, во соработка со ЕРА – ЛГБТИ Асоцијација за еднакви права на Западен Балкан и Турција и други, стр. 25
[52] https://www.facebook.com/notes/skopje-pride/осврт-на-првата-парада-на-гордоста-скопје-прајд-2019-лакмус-за-целото-општество/366715600666960/
[53] https://ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/Оценка%20на%20јавното%20мислење%20за%20СО%20и%20РИ%20како%20основи%20за%20утврдување%20дискриминација%20-резултати%20од%20истражување%20и%20компаративна%20анализа%201.pdf
[54] https://fra.europa.eu/en/data-and-maps/2020/lgbti-survey-data-explorer

јавни места.  Овие податоци јасно покажуваат дека ЛГБТИ луѓето се сеуште запоставени во смисла на достигнување на **таргет 11.2 и таргет 11.7.**

Трансродовите луѓе што работат во секс индустријата, Роми ЛГБТИ луѓе, и геј и бисексуалните мажи коишто живеат со ХИВ, се изложени на уште повисоко ниво на ризик да станат бездомници поради стигмата кон секс работниците, оние што живеат со ХИВ и Ромите.  Овие групи не смее да останат запостават при достигнување на таргет **11.1.**

ПРЕПОРАКИ

- Да се подобри одговорот од страна на државата против говорот на омраза што се насочува против настани за подигање на видливоста на ЛГБТИ заедницата и потребно е да се подобри постапувањето по пријавените случаи на говор на омраза и одредување одговорност за сторителите на говор на омраза.
- Од клучно значење е владата и локалните управи да продолжат и во иднина да обезбедуваат поддршка за организирање на Скопје Прајд настаните зашто ова позитивно влијае врз градењето на јавното мислење за ЛГБТИ луѓето, а исто така позитивно влијаеше врз членовите на ЛГБТИ заедницата околу нивното само-прифаќање, самодоверба и чувството на припадност во заедницата.
- Општините треба да преземат повеќе дејства за промоција на еднаквоста меѓу луѓето и против нивна дискриминација, во годишните планови и програми, како и  во буџетите, преку воведување и спроведување на т.н. политики за одделување буџетски средства осетливи на родот.
- Да се подготват локални акциски планови што ќе се справуваат со проблемите за заштита на безбедноста на ЛГБТИ луѓето на јавни простори.
- Да се употребува *интерсексцискиот* пристап кога се креираат и спроведуваат политиките поврзани со ЛГБТИ правата и нивниот статус, со цел да не се запостават ранливите под-групи што се дел од групата ЛГБТИ луѓе.

## ЦОР 16 – Мир, правда и силни институции

- *Target 16A, strengthen relevant national institutions;*
-

*- Таргет 16А, Да се зајакнат релевантните национални институции;*
*- Таргет 16Б, Државите да промовираат и да спроведуваат недискриминаторски закони и политики за одржлив развој*
*- Таргет 16.3, Да се обезбеди еднаков пристап до правда за сите*
*-Таргет 16.10, Да се заштитат основните права и слободи, како што е слободата на собирање и мирот, воопшто.*

ШТО Е ПОСТИГНАТО?

Во врска со постигнувањата на **таргет 16А** и **индикаторот 16.А.1: Постоење на независни национални институции за човекови права во согласност со Париските начела**, новиот закон против дискриминација на С. Македонија воведе нова и подобрена институционална рамка преку Државната комисија за спречување и заштита од дискриминација. Меѓутоа, помина цела една година, а ова тело за еднаквост сè уште не е конституирано, при што ЛГБТИ луѓето се оставени без механизам за заштита (не постои тело за еднаквост уште од август 2019 г.)[55]

Во врска со постигнување на **таргет 16Б,** Собранието веќе 11 месеци не го усвојува новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД).[56] Ова се случи поради хомофобичното и трансфобичното однесување на Претседателот на Собраниската комисија за труд и социјална политика, пратениците од конзервативната опозиција, но и поради непостоење поддршка од страна на политичките партии од владејачката коалиција, предводена од СДСМ. Вицепремиерот ги окарактеризира ЛГБТИ луѓето како „спорни категории“ на луѓе. Законот навистина беше усвоен, но неговата имплементација уште не може да започне.

ЛГБТИК ЛУЃЕТО СЕ ЗАПОСТАВЕНИ

Меѓутоа, Уставниот суд на С. Македонија, на седница што ја одржа на 14 мај 2020 г. го укина Законот за спречување и заштита од дискриминација. Оваа одлука на Уставниот суд е на инцијатива што ја поднесе претходниот состав на Комисијата за заштита од дискриминација и во неа, од Судот се бара да ја оцени уставноста и законитоста на законот бидејќи наводно законот бил донесен без потребното мнозинство гласови на пратениците во Собранието, како што одредува Член 75 од Уставот. Имено, во март 2019 г. Собранието го донесе законов со 51 глас ЗА, од вкупниот број пратеници, и му го поднесе указот на законот, на тогашниот претседател на републиката, Ѓорѓе

[55] LGBTI Enlargement Review 2019, подготвено од ИЛГА-Европа, во соработка со ЕРА – ЛГБТИ Асоцијација за еднакви права на Западен Балкан и Турција и други, стр. 25
[56] За повеќе информации, види ја следнава статија: https://www.lgbti-era.org/news/law-prevention-and-protection-against-discrimination-continuously-postponed-and-blocked

Иванов, на потпис. Но, претседателот одби да го потпише указот поради спорот со името на државата, и му го врати на Собранието на повторно одлучување. Така оспорениот закон повторно се врати на Дневниот ред на Собранието на 16 мај 2019 г. и истиот беше повторно разгледан, во согласност со Член 75 од Уставот. Истиот ден Законот беше ставен на гласање и доби 55 гласа ЗА и следствено беше донесен без неопходното уставно мнозинство на дадени гласови, што изнесуваше 61 глас.[57]

Во врска со постигнување на **таргет 16Б,** како и **таргет 16.3,** иако во Кривичниот законик постои заштита од криминал заснован на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, полицијата, врз овие основи, сè уште не го признава и не го гони криминалот од омраза. Исто така, одговорите на приговорите за сторен криминал од омраза, што ги даваат обвинителите, се обидуваат да го оправдаат говорот од омраза како слободи на говорот и изразувањето. Во овој период, од страна на невладините организации регистрирани се 297 случаи вакви случаи, од кои 154 се поврзани со Прајд парадата, додека пак вистинскиот број е многу повисок. Бројот на документирани случаи на криминал од омраза изнесува 66, заедно со физичко насилство (40), вербално психолошко насилство (16) и семејно насилство (3). Многу од случаите на говор од омраза искажан од страна на јавни личности, воопшто не се адресира.[58]

Во 2016 и 2017 г., ХОПС – Проект за здрави опции Скопје спроведе истражување[59] за правните потреби и пристапот до правда на луѓето што инјектираат droги и за секс работниците во С. Македонија. Наодите од истражувањето покажуваат дека дури 98,2% од луѓето што инјектираат дроги и 96,3% од секс работниците се соочиле со барем еден правен проблем во периодот од 2013 до 2017 г, кога истражување заврши. Во споредба со ова, процентот на луѓе кои што се соочуваат со правни проблеми кај општата популација изнесува 49%. Исто така, општата популација, од една страна, се соочува во просек со 1,3 до 1,5 правни проблеми, а од друга пак, бројот на пријавени правни проблеми меѓу луѓето што инјектираат дроги и секс работниците изнесува од 0 до 35, а во просек тоа изнесува 14,9 проблеми. Проблемите со кои што се соочуваат секс работниците варираат од 0 до 35 проблеми, а тоа во просек изнесува 13 проблеми. Треба да се истакне дека најчесто со проблеми се соочуваат оние испитаници што инјектираат дроги, а кои што во исто време работат и во секс индустријата. Имено, пријавените проблеми на оваа подгрупа луѓе варира од 3 до 35 пријави, а во просек изнесува 18,1 проблем, што ја потврдува двојната ранливост на овие луѓе. Впечатливата разлика на бројот на правни проблеми кај општата популација, во споредба со оние луѓе што инјектираат дроги и оние што се занимаваат со секс услуги е загрижувачки индикатор за нееднаквиот третман, дискриминација и стигма што ја прават институциите и самата јавност, кон овој вид граѓани.

Во врска со достигнување на **таргет 16.10,** во текот на првата Скопје прајд парада се одржа контра-протест каде што се промовираа традиционалните вредности на општеството. Преку овој настан постоеше и обид за провокација и заплашување на луѓето што учествуваа на Парадата на гордоста

[57] За повеќе информации види тука: https://www.lgbti-era.org/news/constitutional-court-north-macedonia-repealed-law-prevention-and-protection-against

[58] LGBTI Enlargement Review 2018, подготвено од ИЛГА-Европа, во соработка со ЕРА – ЛГБТИ Асоцијација за еднакви права на Западен Балкан и Турција и други, стр. 18-19: https://www.lgbti-era.org/sites/default/files/pdfdocs/Annual%20LGBTI%20Enlargement%20Review%202018.pdf

[59] Истражувањето насловено како Правни потреби и пристап до правда на луѓе што инјектираат дроги и секс работници во Македонија, сè уште не е објавено, затоа тука ги објавуваме само дел од податоците.

(Скопје прајд) и да се демонстрира дека луѓето не се согласуваат со одржување на Прајдот. Во текот на парадата, здруженијата за заштита на семејните вредности и свештени лица извикуваа пораки на омраза и истакнуваа плакати со извитоперени факти за ЛГБТИ луѓето.[60]

ПРЕПОРАКИ

- По спроведување на следните парламентарни избори и изборот на нови пратеници, без оглед на тоа која коалиција ќе го предводи парламентарното мнозинство, итно треба да се усвои во Собрание, Законот за спречување и заштита од дискриминација.
- Полицијата треба соодветно да се справи со кривичните дела на омраза и говор на омраза, преку соодветно спроведување на постојните законски одредби, имено, преку спроведување ефективни истраги и ефективно гонење на сторителите на овие дела.
- Државата, на ЛГБТИ заедниците, мора целосно да им ја гарантира, слободата на здружување и изразување.

## ЦОГ 17 – Партнерства за постигнување на целите

- *Таргет 17.17 Да се поттикнат и да се промовираат ефикасни јавни, јавно-приватни и партнерства со граѓанскиот сектор засновани врз искуства и партнерски стратегии за обезбедување ресурси*

ШТО Е ПОСТИГНАТО?

Во врска со постигнување на **таргет 17.17,** ЛГБТИ организациите активно учествуваат во работни групи и тела за соработка што се занимаваат со различни прашања, меѓутоа резултатите и развојот на настаните во нив се чини дека се одвива забавено. Граѓанските организации добро соработуваат со интер-парламентарната група во Македонското Собрание, и со неколку државни институции, но најголем број граѓански организации (кои што се членки на Националната мрежа за борба против хомофобија и трансфобија) сѐ уште тешко остваруваат соработка со Министерството за култура и Министерството за образование.

Субверзивниот фронт и Министерството за правда и социјална политика потпишаа Меморандум за соработка со цел подобрување и унапредување на човековите права и статусот на ЛГБТИ луѓето, преку подобрување на услугите за социјална заштита на ЛГБТИ луѓето во С. Македонија, развивање на капацитетите на вработените во јавната администрација со цел да се справат со дискриминацијата и говорот на омраза против ЛГБТИ луѓето, и преку поддршка на професионалниот развој на вработените во државните центри за социјална грижа, низ целата земја,

[60] LGBTI Enlargement Review 2018, подготвено од ИЛГА-Европа, во соработка со ЕРА – ЛГБТИ Асоцијација за еднакви права на Западен Балкан и Турција и други, стр. 24-25

а по прашања поврзани со сексуалната ориентација, родовиот идентитет и услугите за социјална заштита.

ЛГБТИК ЛУЃЕТО СЕ ЗАПОСТАВЕНИ

Во врска со натамошно постигнување на таргетот **17.17,** Кабинетот на вицепремиерот на Владата на Северна Македонија е институција која што е задолжена за спроведување на ЦОР. Исто така, беше формиран и Национален совет за одржлив развој како меѓу-секторско тело, но граѓанските организации не станаа дел од Советот. Постои недостаток на вклученост на граѓанските организации во фазите на хармонизација на националните акти со ЦОР. Иако се забележува позитивен тренд во врска со политичката волја за вклучување на ЦОР, главен предизвик претставува вклучувањето на ЦОР во постигнувањето на Агендата 2030 на С. Македонија, а тоа е отсликано во непостоењето политичка волја кај националните органи на власта да предвидат одредени улоги за граѓанските организации, но и да ги признаат како партнери во процесите. Главните иницијативи во врска со ова прашање доаѓаат од страна на секторот на граѓанското општество, но релевантните институции честопати ги игнорираат таквите иницијативи. Нешто што уште повеќе загрижува е тоа што граѓанските здруженија се соочуваат со трендови на сè помал простор на дејствување, политичка нестабилност, често спроведување избори, а во најново време и со здравствената и економска криза предизвикана од КОВИД-19, коишто им ги отежнуваат можностите да се развијат, а со тоа им ја отежнуваат и посветеноста кон Агендата 2030. На средба на Националниот совет за одржлив развој што се одржа во декември 2018 г., Советот повторно ги истакна заложбите на Владата да ја спроведе Агендата 2030 и во периодот 2019-2020 да постави пет приоритетни ЦОР, и тоа Цел 1, Цел 4, Цел 8, Цел 13 и Цел 16.[61] Досега не се бележат конкретни дејства за спроведување на целите за одржлив развој (ЦОР) или спроведување политики коишто ги поврзуваат тековните дејства со одредена ЦОР.

ПРЕПОРАКИ

- Соработката меѓу граѓанските организации на ЛГБТИ луѓето и државните институции треба дополнително да се подобри во сите процеси на донесување одлуки кои што влијаат врз ЛГБТИ луѓето во земјата.
- Граѓанските организации на ЛГБТИ луѓето треба да се признаат за партнери во рамките на обезбедувањето изградба на капацитети за човекови права во јавната администрација, и во државните институции, воопшто.
- Граѓанските организации на ЛГБТИ луѓето треба да се вклучат во работата на Националниот совет за одржлив развој во улога на меѓу-секторски тела и да бидат признаени како партнери при постигнувањето на сите ЦОР.

[61] https://vlada.mk/node/16237

## Влијанија поврзани со КОВИД кризата

Првиот случај на Ковид-19 во Северна Македонија е регистриран во март. Оттогаш, државата воспостави Кризен штаб кој детално ја следи ситуацијата и на Владата, и ѝ дава препораки за безбедноста и сигурноста. Мерките опфаќаат: самоизолација за сите што биле во контакт со лице на кое му е дијагностициран вирусот, карантин организиран од државата за граѓаните кои влегуваат во земјата, затворање на границите за странски државјани, затворање на училиштата, угостителите и други несуштински дејности, како и полициски час, како најстрога мерка. Овие мерки подоцна се надополнија со задолжително носење маска, физичко растојание од 2 м и редовно одржување хигиена.

Во однос на ЛГБТИ заедницата во С. Македонија, препораките да се остане дома и полицискиот час имаат најголемо влијание, особено земајќи го предвид високиот процент на припадници на заедницата кои не ги обзнаниле (се *аутирани* во врска со) својата сексуална ориентација и/или родовиот идентитет, пред своите семејства. Освен тоа, а врз основа на последните анкети меѓу ЛГБТИ луѓето, кај 40% од тие што имале семејни потешкотии, причината била нивната сексуална ориентација и родовиот идентитет[62]. Некои од прогласените полициски часови траеја и до 82 часа, што во голема мерка го зголеми ризикот на ЛГБТИ луѓето да бидат изложени на вознемирување и насилство.

*СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ има документирано случај на невработена транс жена од помал град во централниот дел на С. Македонија. Таа неодамна, уште на почетокот на пандемијата, му го обзнанила на семејството својот трансродов идентитет, но не добила поддршка од нив. Напротив, ја изложиле на вознемирување, потсмев, срам и на емоционална и економска уцена. Таа од СУБВЕРЗИВЕН ФРОНТ има побарано услуги за ментално здравје – психолошка поддршка и советување, кои соодветно ѝ се дадени. Меѓутоа, нејзините потреби за социјализација со други членови од заедницата, особено во физичкиот свет, сѐ уште не се исполнети. Честопати се чувствува мошне осамено, има загубено голем степен од самодовербата и мора да се справува со ограничувањата (полицискиот час, затворање) на нездрав начин.*

Општествената положба на голем дел од ЛГБТИ луѓето во С. Македонија е многу лош, а голем дел од нив се наоѓаат на маргините. Општествената положба и статус, се тесно поврзани со нивото на последици кои одредена кризна ситуација ги остава врз дадена група. Пандемијата остава сериозни последици врз економијата, па така и врз животниот стандард на луѓето. Кризата доведе до масовни отпуштања на работниците, што пак доведува до губење на основниот приход за многумина, како и продлабочување на ниските стандарди и сиромаштијата. Со губењето на работните места и основниот приход, многумина се доведени до работ на сиромаштијата, а за ЛГБТИ луѓето ова, во голема мера значи враќање во домот, каде што доживуваат осуда и не се прифатени, или во сместување во засолништа и добивање услуги за поддршка од страна на граѓанските организации.

[62] https://fra.europa.eu/en/data-and-maps/2020/lgbti-survey-data-explorer

Освен тоа, тешките услови за живот што кризата им ги наметна на ранливите заедници, се тесно поврзани и оставаат последиците врз нивното ментално и физичко здравје. Животот во текот на пандемија во која, на дневна основа, се зголемува бројот на инфицирани лица и регистрирани починати, и во исто време се зајакнуваат мерките за дистанцирање и самоизолација за да се спречи ширењето на вирусот, сериозно може да влијае врз физичкото и менталното здравје, особено на оние чиешто здравје е и онака слабо. Недостатокот на поддршка и на насочени мерки и мерки со кои никој не е изоставен, честопати доведува до длабоки долготрајни последици, па во вакви услови поддршката за луѓето од ЛГБТИ заедницата, и во минатото и сега, останува на грбот на граѓанските организации и нивните капацитети. Достапноста на психолошкото советување што го обезбедува државата е ограничено и тесно поврзано со здравственото осигурување за вработени. Системот низ кој се обезбедува психолошко советување е поставен на начин што прво потребата за психолошко советување ја проценува општ лекар, кој ако процени дека тоа е потребно, издава упат преку системот „Мој термин“, а потоа врз основа на овој упат лицето добива можност да се сретне со психолог. Проблематично во овој систем е тоа што општите лекари ретко сметаат дека на некое лице му треба психолошко советување, па честопати, наместо советување, тие препишуваат седативи како решение.  Освен тоа, пристапот до неопходна психолошка поддршка дополнително се усложнува со фактот дека системот за закажување е преоптоварен, бројот на психолози е недовлен, а оттаму и времето на чекање е долго. Ако на сето ова го додадеме фактот дека, кога лицето конечно ќе дојде до закажаниот термин, на крајот му се препишуваат ограничен број средби со психологот, што ги покрива државниот фонд, како и фактот што во земјата има само мал број психолози кои се сензибилизирани и обучени да работат со луѓе од ЛГБТИ заедницата, па така станува очигледен степенот на ефикасната и ефективна државна поддршка. Исто така, државата нема обезбедено услуги за поддршка на лицата во заедницата кои се под ризик да станат бездомни, кои се жртви на насилство поради својата сексуална ориентација, родовиот идентитет и негово изразување, а до сега таквата поддршка ја нудеше само Министерството за труд и социјална политика и тоа само преку партиципација во цената за користење на засолниште – Безбедната куќа за ЛГБТИ луѓе, која ја отвори и со неа управува ЛГБТИ Центарот за поддршка. На жалост, со ширењето на кризата, продолжувањето на поддршката станува неизвесно, бидејќи, во моментов, сите одлуки на министерството, се одложени.[63]

Граѓанските организации во моментов ги користат своите ограничени капацитети да ги намалат ефектите на кризата врз ЛГБТИ луѓето, со тоа што обезбедуваат сместување во Безбедната куќа, собираат донации, обезбедуваат психолошко советување доброволно, или преку репрограмирање на постојните програми, обезбедуваат безбедна правна помош и ги користат социјалните медиуми, онлајн поддршката и платформите за социјализација. Граѓанските организации, дел од своите ресурси, мораат да ги пренаменат за достава на пакети за помош (храна и средства за лична хигиена) за ЛГБТИ луѓето кои се најмногу засегнати од пандемијата (ЛГБТИ Роми, транс сексуални работници, итн.), како и за зголемување на субвенционирањето на услугите за бесплатна психолошка поддршка и советување и правна помош и советување.

[63] „ Посебен извештај за состојбата со човековите права во време на Ковид-19”, Хелсиншки комитет за човекови права Скопје, 2020, Влијанието на Covid-19 врз ЛГБТИ заедницата

## АНЕКС

Кон текстот придонесоа

1. Наташа Бошкова, Коалиција МАРГИНИ
2. Јована Јовановска Кануркова, ЛГБТИ Центар за поддршка
3. Антонио Михајлов, Субверзивен фронт
4. Биљана Гинова, Независен експерт
5. Вук Раичевиќ, Раководител за застапување, ERA – LGBTI Equal Rights Association for Western Balkans and Turkey
6. Софиа Баракоу, стажант, ERA – LGBTI Equal Rights Association for Western Balkans and Turkey